**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. Кирил и Методиј“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

# Имплементацијата на Охридскиот рамковен договор и влијанието врз високото образование и интеркултурниот дијалог

**Магистерски труд**


**Студент**
Тамара Стојановска

**Ментор**
проф. д-р Лидија Георгиева


Скопје, 2025 година

Ментор

проф. д-р Лидија Георгиева

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет – Скопје

Членови на комисија

проф. д-р Зоран Матевски,

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет – Скопје

проф. д-р Марина Митревска,

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет – Скопје

Имплементацијата на Охридскиот рамковен договор и влијанието врз високото образование и интеркултурниот дијалог


## Апстракт

Оваа магистерска работа се фокусира на анализата на влијанието на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор (ОРД) врз високото образование и интеркултурниот дијалог во Република Северна Македонија (РМС). Во теоретскиот дел, истражувањето разгледува како ОРД влијае врз развојот на образовниот систем, особено застапеноста на немнозинските заедници во високото образование и промовирањето на интеркултурниот дијалог.

Методолошки, истражувањето се базира на квалитативен пристап преку интервјуа со професори и други клучни фактори од нашето општество. Резултатите од интервјуата потврдуваат дека ОРД има позитивен ефект врз зголемувањето на достапноста на високото образование за студентите од немнозинските заедници, но исто така покажуваат дека постојат одредени проблеми и бариери во неговото целосно спроведување. Потребни се зголемување на институционалната поддршка и создавање нови образовни програми што ќе вклучат аспекти на интеркултурниот дијалог.

Заклучно, ова истражување укажува на потребата од понатамошни реформи и институционални напори за подобрување на процесот на инклузија и развој на меѓуетничка соработка во образовниот систем.



Клучни зборови: Охридски рамковен договор, високо образование, интеркултурен дијалог, немнозински заедници, образовни политики, мировен договор

The implementation of the Ohrid Framework Agreement and the impact on higher education and intercultural dialogue


## Abstract

This master's thesis analyzes the impact of implementing the Ohrid Framework Agreement (OFA) on higher education and intercultural dialogue in the Republic of North Macedonia (RNM). In the theoretical part, the research examines how the OFA influences the development of the education system, especially the representation of non-majority communities in higher education and the promotion of intercultural dialogue.

The research is based on a qualitative approach, using interviews with professors and other key stakeholders from our society. The results of the interviews confirm that the OFA has a positive effect on increasing the availability of higher education for students from non-majority communities, but they also show that certain problems and barriers remain in its full implementation. It is necessary to increase institutional support and create new educational programs that include aspects of intercultural dialogue.

In conclusion, this research indicates the need for further reforms and institutional efforts to improve the process of inclusion and development of interethnic cooperation in the education system.



**Keywords:** Ohrid Framework Agreement, higher education, intercultural dialogue, non-majority communities, educational policies, peace agreement

## Содржина


Апстракт 3

Abstract 4

Проблем на истражување 6

Предмет на истражување 11

ГЛАВА 1: ПРИЧИНИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД КОНФЛИКТОТ ВО 2001 ГОДИНА (МЕЃУ ОНА И МАКЕДОНСКИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ СИЛИ) 19

1.1 Причини за конфликтот и засегнати страни 19

1.2 Претходни несогласувања и историски контекст 23

1.3 Последици од конфликтот 25

ГЛАВА 2: СОДРЖИНА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР 28

2.1 Содржина на Охридскиот рамковен договор 28

2.2 Напредок во имплементацијата на ОРД од 2001 до 2023 година 33

ГЛАВА 3: СОДРЖИНА И НАПРЕДОК ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР ВО ДЕЛОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ИНТЕРКУЛТУРНИОТ ДИЈАЛОГ ОД 2001 ДО 2023 ГОДИНА 43

3.1 Одредби од Охридскиот рамковен договор што се однесуваат на образованието и на интеркултурниот дијалог 43

3.2 Напредок во имплементацијата на Охридскиот рамковен договор во делот на високото образование и интеркултурниот дијалог од 2001 до 2023 година 48

3.3 Извештаи на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија во делот на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор, особено во делот на високото образование и интеркултурниот дијалог 56

3.4 Политики за високо образование и застапеност на заедниците што не се мнозинство во РСМ 63

3.5 Мерки за промоција на интеркултурниот дијалог 66

ГЛАВА 4: ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА СТЕПЕНОТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР И ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ИНТЕРКУЛТУРНИОТ ДИЈАЛОГ 72

4.1 Вовед во истражувањето 72

4.2 Анализа на интервјуата 74

4.3 Соодветност на методите на собирање податоци за анализа на хипотезите и истражувачките прашања и потврда на хипотезите 91

4.4 Позитивни и негативни аспекти на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор 95

5.ЗАКЛУЧОК 98

Литература 100

Прашања за интервју 104

## Проблем на истражување

Републиката во која денес живееме е дом на многу етнички заедници. Како таква, сама по себе, таа е сложена, некогаш кревка, но истовремено таа е поинаква, разнобојна и мултикултурна. Во вакво општество, потребно е поединците да ја преземат улогата на главни актери наместо набљудувачи и да дејствуваат кон тоа општеството да опстои и да се унапреди. Минатото ни е познато, но иднината треба да се создаде.

Донесувањето и имплементацијата на Охридскиот рамковен договор (ОРД) во Република Северна Македонија[1] (РСМ) претставува клучен момент во политичката историја на земјата. Потпишан на 13 август 2001 година, ОРД беше одговор на конфликтот и немирите што ја зафатија земјата, со цел да се постигнат траен мир и стабилност преку воспоставување правична застапеност и унапредување на правата на заедниците што не се мнозинско население во Македонија[2]. Договорот вклучуваше низа мерки за унапредување на правата на немнозинските заедници, меѓу кои и реформи во областа на високото образование. Воспоставувањето правична застапеност и еднаков пристап до образовните можности за сите заедници што не се мнозинско население во Македонија е пак клучен аспект на интеркултурниот дијалог и интеграција во македонското општество.

ОРД, како резултат на претходно настанат конфликт меѓу Ослободителната народна армија (ОНА) и македонските безбедносни сили, донесе нови предизвици за РСМ, со чии последици и денес се соочуваме. Од неговото потпишување до денес изминаа 24 години. Договорот во голема мера е имплементиран како што е констатирано и во извештаите на Европската Унија за напредокот на државата[3]. Сепак, динамиката на имплементација не секогаш одеше со планираната брзина, што се гледа и од извештаите од Европската Унија (ЕУ) за напредокот на земјата. Иако процесот е одолговлечен и не секогаш одговара на предвидените рокови, важно е да се истакне дека земјата направи значајни чекори во

[1] Службен Весник на Република Македонија, бр. 6/2019, преземено од https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/odluka_za_proglasuvanje_novi_amandmani.pdf

[2] Во понатамошниот текст на овој труд ќе се користи краткото име Македонија.

[3] Собрание на Република Северна Македонија. *Втор извештај на Европската комисија* [PDF]. https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/Vtor_izvestaj_na_Evropskata_Komisija%2026.03.03.PDF

вистинска насока, како што е наведено во Вториот извештај за процесот на стабилизација и асоцијација за Република Македонија (РМ) донесен од страна на Европската комисија (ЕК) од 2006 година[4]. Исто така, според извештаите на ЕУ за напредокот на РМ во периодот 2001-2005 година, ОРД е генерално имплементиран. Овие извештаи ги потврдуваат напорите на земјата во унапредување на односите меѓу заедниците што не се мнозинско население во РМ, кои, иако со одредени предизвици, постојано се подобруваат. Ова децидно го истакнува и Извештајот на ЕУ за напредокот на РМ од 2006 година, во кој се наведува дека напредокот во меѓуетничките односи е видлив и континуирано се подобрува[5].

Општествената и научна оправданост на истражувањето произлегува од потребата да се спроведе анализа на проблемот за кој во општеството постојат различни перцепции. Во мултикултурно и мултиетничко општество какво што е нашето, постои зголемена потреба за поддржување и унапредување на правичната застапеност и рамноправен пристап до образованието и на заедниците што не се мнозинство на населението. Ова истражување е оправдано од аспект на барањата на денешното општество, кое се стреми кон интеграција, толеранција и стабилност преку активно учество на сите заедници во градењето заеднички идентитет и иднина.

На општествено ниво, истражувањето е значајно затоа што ОРД преточен во уставните решенија е столб на политичката стабилност и на меѓуетничките односи во земјата. Иако од неговото потпишување изминаа повеќе од две децении, перцепциите за неговите постигнувања и предизвици се разнолики и често предизвикуваат разногласие меѓу различни заедници и општествени групи. Со анализа на влијанието на ОРД врз високото образование, ова истражување прави увид во тоа дали и до кој степен договорот ги остварил своите цели во однос на правичната застапеност и пристапот до образовни можности на немнозинските заедници. Дополнително, истражувањето помага во оцена на тоа како овие мерки влијаат врз интеркултурниот дијалог, што е особено важно за зајакнување на меѓусебната доверба и солидарност меѓу различните етнички групи.

---

[4] Ibid.

[5] Собрание на Република Северна Македонија. *Извештај за напредок на Република Македонија 2006* [PDF]. www.sobranie.mk/WBStorage/Files/Izvestaj%20za%20napredok%20na%20%20RM%202006.PDF

Научната оправданост на ова истражување произлегува од потребата за објективна евалуација на имплементацијата на ОРД и неговото влијание врз образовниот систем и интеркултурниот дијалог. Преку ваква анализа, се придонесува за отворање научна дебата за улогата на политичките договори во трансформирањето на општествените структури и во градењето долгорочна стабилност во мултиетнички општества. Исто така, истражувањето обезбедува вредни податоци и теоретски рамки што можат да бидат корисни за идни академски студии, како и за формулирање нови политики и стратегии за унапредување на меѓуетничките односи и на инклузивноста во високото образование.

Гледано теоретски, ОРД е добар пример за примена на принципите на разрешување конфликти, каде што политичкиот договор и реформите помогнаа во решавањето на конфликтот и во зајакнувањето на меѓуетничките односи во Македонија.

Во овој контекст, значајно е да се спомене теоријата за разрешување конфликти во меѓународни студии, која е широк интердисциплинарен пристап што го истражува начинот на кој се идентификуваат, управуваат и решаваат конфликти на меѓународно ниво. Оваа теорија ги опфаќа различните методи и стратегии за мирно разрешување на конфликти меѓу и во државите, етничките заедници или други групи, вклучувајќи дипломатија, медијација, преговори и институционални реформи. Некои од клучните теории вклучуваат[6]:

1. Теории за управување со конфликти – каде што се објаснуваат различни начини на кои конфликтите можат да се контролираат и да се минимизираат, без нужно да се решат. Тоа вклучува употреба на механизми за мониторинг, мировни мисии и санкции. Автори што имаат придонес во развојот на оваа теорија се John Paul Lederach; *The Moral Imagination: The Art and Soul of Building Peace*; *Building Peace: Sustainable Reconciliation in Divided Societies*; Focus: Reconciliation, grassroots peacebuilding, and conflict transformation. **Edward Azar**; *The Management of Protracted Social Conflicts*; Focus: Protracted social conflicts and the role of identity and needs-based approaches. **Johan Galtung**; *Peace by Peaceful Means: Peace and Conflict, Development and Civilization*; *Violence, Peace, and Peace Research* (article)- Focus: Structural

[6] Ramsbotham, O., Woodhouse, T., & Miall, H. (2016). *Contemporary conflict resolution: The prevention, management and transformation of deadly conflicts*. Polity Press.

violence, conflict resolution, and peacebuilding. **Louis Kriesberg**; *Constructive Conflicts: From Escalation to Resolution*-Focus: Constructive conflict resolution and theories of conflict dynamics. **Morton Deutsch**: *The Resolution of Conflict: Constructive and Destructive Processes*; Focus: The psychology of conflict resolution.

2. Модели на разрешување конфликти – каде што се објаснуваат модели што најчесто вклучуваат преговарање, медијација, градење доверба, а во некои случаи и употреба на меѓународно право или арбитража. Автори што имаат придонес во развојот на оваа теорија се Roger Fisher, William Ury, and Bruce Patton; *Getting to Yes: Negotiating Agreement Without Giving In*; Focus - Principled negotiation and interest-based bargaining. **I. William Zartman**: *Ripe for Resolution: Conflict and Intervention in Africa*: *Negotiation and Conflict Management*; Focus - Negotiation theory and the concept of ripeness in conflict resolution. **Chester Crocker, Fen Osler Hampson, and Pamela Aall**; *Herding Cats: Multiparty Mediation in a Complex World*; *Leashing the Dogs of War: Conflict Management in a Divided World.*

3. Трансформација на конфликти – покрај разрешување на конкретниот конфликт, оваа теорија се фокусира на промена на подлабоките структурални и културни фактори што доведуваат до конфликти, со цел да се спречат идни конфликти. Автори што имаат придонес во развојот на оваа теорија се Johan Galtung *Peace by Peaceful Means: Peace and Conflict, Development and Civilization* (1996); *Theories of Peace: A Synthetic Approach to Peace Thinking* (2013); Galtung introduced the concepts of "structural violence" and "positive peace," foundational to understanding systemic aspects of conflicts. Hugh Miall, Oliver Ramsbotham, and Tom Woodhouse: *Contemporary Conflict Resolution* (4th Edition, 2016) This book is a comprehensive introduction to conflict resolution and transformation, blending theory with case studies. **Edward Azar**: *The Management of Protracted Social Conflicts* (1990) Azar's concept of "protracted social conflicts" focuses on identity-based conflicts and the structural conditions that sustain them. **Raimo Väyrynen**: *New Directions in Conflict Theory: Conflict Resolution and Conflict Transformation* (1991). Väyrynen examines the transition from resolution-focused approaches to transformation-oriented strategies.

4. Градење мир – ова е долгорочен процес на стабилизирање на постконфликтни општества преку реформи, образовни иницијативи, економски развој и зајакнување на правосудството и на правдата. Автори што имаат придонес во развојот на оваа теорија се Roland Paris; *At War's End: Building Peace After Civil Conflict*; Focus: Peacebuilding, institution-building, and post-conflict reconstruction. **Michael Doyle and Nicholas Sambanis**: *Making War and Building Peace: United Nations Peace Operations*. Focus - The effectiveness of UN peacekeeping missions. **Charles T. Call**: *Why Peace Fails: The Causes and Prevention of Civil War Recurrence*. Focus: Factors contributing to failed peace processes.

Гледано од аспект на ОРД, потпишан во 2001 година, голем дел од погоренаведените концепти (разрешување конфликти/запирање на насилството, менаџирање на конфликти/мисии на НАТО и ЕУ, постконфликтно градење мир/мисии на ЕУ, ОБСЕ, УНИЦЕФ, Светска банка) се применија и се иницираше модел чија цел е да ја зајакне правичната застапеност на немнозинските заедници и да воспостави услови за интеркултурен дијалог во Македонија. Моделот вклучуваше и систем на реформи во високото образование, со посебен акцент на создавање инклузивни образовни средини, каде што различните етнички заедници можат да учат и да соработуваат. Оваа иницијатива е составена од неколку клучни елементи, и тоа:

ОРД поставува рамки за поголема правична застапеност на заедниците што не се мнозинство во образовниот процес, со цел да им овозможи пристап до високото образование на сите граѓани, без разлика на нивната етничка припадност. Овој елемент вклучува квоти и политики за прием што гарантираат дека и заедниците што не се мнозинско население имаат можност за образование и за професионален развој[7].

Исто така, во согласност со принципите на ОРД, високото образование треба да содржи програми што поттикнуваат разбирање на различните култури, јазици и историја на сите заедници во Македонија. Со ова, се создава основа за меѓусебно почитување и соработка, што го поттикнува интеркултурниот дијалог.

---

[7] Reka, A. (2008). The Ohrid Agreement: The travails of inter-ethnic relations in Macedonia. *Human Rights Review, 9*(1), 55-69. https://doi.org/10.1007/s12142-007-0029-z.

Моделот инициран од ОРД предвидува и спроведување активности и проекти во рамките на високото образование што ги вклучуваат студентите и професорите од различни етнички заедници. Овие проекти имаат цел да ги охрабрат учениците да соработуваат и да разменуваат искуства и придонесуваат за градење солидарност и меѓусебно разбирање. Дел од моделот е и обезбедувањето можности за студирање на мајчин јазик за заедниците што не се мнозинство, како и поддршка за изучување на македонскиот јазик. Ова создава баланс меѓу зачувувањето на етничките идентитети и подобрувањето на комуникацијата меѓу различните заедници[8].

Овој модел создава платформа за интеркултурен дијалог во високото образование преку инклузија, еднаквост и колективно разбирање, со што придонесува кон долгорочна стабилност и социјална кохезија во земјата.

Врз основа на погоренаведено, проблемот на истражување – анализата на имплементацијата на ОРД и неговото влијание врз високото образование и интеркултурниот дијалог во РСМ – е од особена важност за разбирање на постигнатите резултати и на предизвиците во промовирањето на социјалната кохезија и еднаквоста меѓу немнозинските заедници. Преку ова истражување се очекува да се утврди дали мерките за правична застапеност и образовните реформи што произлегуваат од ОРД се доволни за да го поттикнат интеркултурниот дијалог и да создадат трајни основи за меѓусебно разбирање и соработка во високото образование. Оваа анализа може да понуди значајни препораки за натамошно подобрување на образовните политики и за зајакнување на интеркултурниот дијалог, кој е од суштинско значење за долгорочната стабилност и развој на мултикултурното општество во РСМ.

## Предмет на истражување

Предмет на анализа на магистерскиот труд е имплементацијата на ОРД и неговото влијание врз високото образование и интеркултурниот дијалог во РСМ. Истражувањето се фокусира на тоа како ОРД придонел кон подобрување на правичната застапеност на

[8] Југоисточен европски универзитет. (н.д.). *Охридскиот рамковен договор: Предизвици и перспективи* [PDF]. https://www.seeu.edu.mk/files/research/projects/OFA_EN_Final.pdf

немнозинските заедници во образовниот систем, како и за создавањето инклузивна и мултикултурна средина што поддржува интеркултурен дијалог. Дополнително, оваа анализа се стреми да утврди до кој степен мерките предвидени со ОРД се применуваат во високото образование и да ги испита ефектите на овие мерки врз интеграцијата на различните етнички заедници и нивната интеракција во општествениот и во образовниот контекст.

Преку ова истражување, ќе се разгледаат позитивните постигнувања, како и предизвиците со кои се соочуваше процесот на имплементација на ОРД, особено во однос на образовните политики и нивната улога во унапредување на меѓуетничките односи.

Имајќи го предвид горенаведеното, свесни сме дека постои и одредена неусогласеност во однос на толкувањето на договорот, како и во неговата имплементација и тоа што денес е постигнато со ОРД наспроти намерата што договорот требаше да ја постигне. Затоа, во ова истражување ќе се тргне од основното истражувачко прашање, и тоа:

***Дали одредбите на ОРД во однос на образованитето влијаат врз образовната политика и високото образование и придонесуваат за зајакнување на интеркултурниот дијалог?***

Општите хипотези на оваа магистерска теза се:

1. Имплементацијата на ОРД во образованието помага во зајакнување на интеркултурниот дијалог.

2. Одредбите од ОРД придонесуваат за подобрување на високото образование и за унапредување на интеркултурниот дијалог.

Независна варијабла за докажување на овие хипотези е:

- Успешноста на имплементацијата на ОРД во областа на високото образование и интеркултурниот дијалог.

Зависни варијабли се:

- Квалитетот на законските решенија (анализа на законски и други акти).

- Нивото на институционалната поддршка (поддршка на локалните или националните институции за реализирање на одредбите од ОРД).

- Перцепциите за успешноста на решенијата од ОРД применети во образовниот процес (интервјуа со лица што ги засега, односно врз кои влијае спроведувањето на одредбите на ОДР и претставници на институциите што треба да се носители на спроведувањето на ОРД).

За овозможување на релевантната теориска рамка за анализата на ОРД и неговото влијание врз високото образование и интеркултурниот дијалог, се користи интердисциплинарен пристап што ги вклучува теоријата за разрешување конфликти, спомената погоре, и теоријата за интеркултурен дијалог.

Во рамките на теоријата за разрешување конфликти, се разгледуваат различни пристапи и перспективи за начини на надминување на конфликтите. Според Оливер Ричмонд, еден од истакнатите автори во обласа, концептот на разрешување конфликти треба да се гледа не само како средство за завршување на непријателствата туку и како процес на трансформација на општествените односи[9]. Тој нагласува дека успешното разрешување на конфликтите вклучува механизми за промовирање одржлив мир преку институционални промени што ќе овозможат градење доверба и почитување на различностите во општеството. Ричмонд смета дека е потребна интеграција на различни интереси и потреби на заедниците преку инклузивни политики и правична застапеност на сите засегнати страни. Ваквиот пристап е видлив и во ОРД, каде што е поставена основа за мирна коегзистенција преку поделба на власта и правична застапеност на немнозинските заедници.

Еден од основачите на современата теорија за разрешување конфликти, Бартон, пак, го дефинира разрешувањето конфликти како процес чија цел е да ги отстрани корените на конфликтот преку разбирање и исполнување на основните човечки потреби на сите страни во конфликтот. Според него, конфликтите произлегуваат од неисполнети основни потреби,

[9] Richmond, O. P. (2011). *A Post-Liberal Peace*. Routledge.

како што се идентитетот, безбедноста, учеството и автономијата, кои мора да бидат исполнети за да се постигне долготрајно решение[10].

Луис Криесберг, пак, истакнува дека разрешувањето конфликти е процес на трансформација на насилните конфликти во соработувачки односи и опфаќа различни техники како медијација, преговарање и градење доверба меѓу конфликтните страни. Неговиот пристап се фокусира на постепеното решавање на конфликтот преку процеси што промовираат соработка и разбирање[11].

Според теоријата за интеркултурен дијалог, пак, интеркултурниот дијалог се дефинира како процес на отворена и почитувачка размена на идеи и ставови меѓу лица и групи со различни културни, етнички или религиозни заднини. Според УНЕСКО, интеркултурниот дијалог е „средство за изградба на мир и кохезија, како и за надминување на стереотипите и предрасудите што водат до конфликти"[12].

Интеркултурниот дијалог е клучен елемент во мултикултурните општества и во образовните институции бидејќи овозможува градење мостови меѓу различните заедници, со цел да се намалат недоразбирањата и да се поттикне соработка.

Според Советот на Европа, интеркултурниот дијалог претставува „отворена и почитувачка размена на ставови меѓу поединци и групи што припаѓаат на различни култури, со цел да се подобрат разбирањето и соработката". Оваа размена има цел да ги намали неразбирањето и конфликтите меѓу различните културни групи преку унапредување на инклузивни и мирни општества[13].

Според Банкс, мултикултурализмот е концепт што се однесува на заедничко живеење на различни културни групи во едно општество. Овој пристап се стреми да промовира рамноправност и инклузија на сите етнички и културни групи, така што тие ќе можат активно да придонесуваат во општеството[14].

Милтон Бенет[15], еден од водечките истражувачи во полето на интеркултурниот дијалог, го гледа овој дијалог како процес на преминување од етноцентричен кон

[10] Burton, J. (1990). *Conflict: Resolution and Prevention*. New York: St. Martin's Press.
[11] Kriesberg, L. (2003). *Constructive Conflicts: From Escalation to Resolution* (2nd ed.). Lanham, MD: Rowman & Littlefield.
[12] UNESCO. (2006). *Guidelines on Intercultural Education*. UNESCO.
[13] Council of Europe. (2008). *White Paper on Intercultural Dialogue: "Living Together As Equals in Dignity"*. Strasbourg: Council of Europe Publishing.
[14] Banks, J. A. (2004). *Multicultural education: Issues and perspectives* (5th ed.). John Wiley & Sons.
[15] Bennett, M. J. (1998). *Basic Concepts of Intercultural Communication: Selected Readings*. Intercultural Press.

етнорелативен став. Според Бенет, тоа значи дека индивидуите и групите треба да ја препознаат и да ја почитуваат културната различност како важен фактор во општествените односи. Ваквото преминување овозможува прифаќање и валоризирање на културните разлики, што е особено важно за високото образование, каде што студентите од различни заедници треба да развијат интеркултурни вештини и чувствителност.

Мартин Бубер[16] исто така го поддржува значењето на интеркултурниот дијалог преку концептот на „јас-ти“ односи. Тој смета дека меѓучовечките односи треба да се засноваат на автентична комуникација и почитување на различностите, што е клучно за воспоставување траен мир и разбирање во мултиетничките општества.

Примената на теоријата за разрешување конфликти и на теоријата за интеркултурен дијалог во ова истражување овозможува подобро разбирање на комплексноста на општествените односи и на динамиката на интеркултурниот дијалог во високото образование.

Во таа насока, овој труд ќе послужи како истражување на спроведените одредби на договорот, особено во областа на високото образование и интеркултурниот дијалог.

Основната цел на ова истражување е да се анализира како имплементацијата на ОРД влијаеше врз високото образование и интеркултурниот дијалог во РСМ. Оваа анализа ќе се фокусира на промените во:

1. политиките за високо образование,
2. застапеноста на заедниците што не се мнозинско население во Македонија и
3. мерките за промоција на интеркултурниот дијалог.

Специфичните цели вклучуваат:

- Испитување на промените во образовните политики и во законодавството, особено во областа на високото образование и интеркултурниот дијалог, кои произлегуваат од ОРД.
- Анализа на застапеноста и на учеството на немнозинските етнички заедници во високото образование.
- Оценување на ефективноста на мерките и на програмите за промоција на интеркултурниот дијалог во високообразовните институции.

[16] Buber, M. (1970). *I and Thou*. Charles Scribner's Sons.

Со анализата на темата треба да се одговори на неколку прашања, и тоа:

- Како ОРД влијае врз образовната политика?
- Кои се инструментите преку кои се спроведуваат одредбите од ОРД?
- Дали образовната политика влијае врз интеркултурниот дијалог?
- Кои се инструментите со кои се унапредува интеркултурниот дијалог?

За да се одговори на истражувачкото прашање и да се тестираат хипотезите, се користеше анализа на содржина на примарни и секундарни извори преку компаративниот и квалитативниот метод. Истражувањето го спроведовме преку интервјуирање лица што се дел од институциите на високото образование и други институции што се надлежни.

Поконкретно кажано, квалитативниот дел вклучува интервјуа со клучни учесници, како што се професори од високите образовни институции, политичари и клучни фактори. Интервјуата се користат за да се добијат подлабоки увиди и контекстуални информации во однос на темата на истражувањето.

Ова истражување има цел да придонесе кон подобро разбирање на влијанието на ОРД врз високото образование и интеркултурниот дијалог во РСМ. Придонесите на истражувањето вклучуваат:

- **Општествени придонеси:** Резултатите од ова истражување имаат потенцијал да влијаат врз понатамошните политички и законодавни реформи во областа на високото образование и интеркултурниот дијалог. Спроведувањето на ОРД веќе предизвика значајни промени во државната политика, особено во однос на правичната застапеност на заедниците што не се мнозинско население во Македонија, односно немнозинските заедници. Истражувањето може да помогне во идентификување нови области каде што е потребна дополнителна поддршка или приспособување на постојните политики, со цел поефикасна интеграција на овие заедници во системот на високо образование. Покрај тоа, резултатите од ова истражување може да бидат основа за развој на нови политички иницијативи за подобрување на социјалната кохезија преку високото образование, како што е промоцијата на програми што поттикнуваат заеднички вредности и културна толеранција. Владините и меѓународните институции ќе можат да ги користат наодите за да изработат поцелосни стратегии за спроведување на

интеркултурниот дијалог во рамките на националните високообразовни и општествени политики.

- **Образовни придонеси:** Истражувањето нуди конкретни препораки за унапредување на образовните политики и програми во високото образование со цел да се подобрат пристапот и квалитетот на образованието за сите заедници. Преку анализа на постојните законски и институционални решенија, како и преку испитување на ефективноста на тековните програми за промоција на интеркултурниот дијалог, ова истражување може да придонесе кон појава на нови образовни модели што ќе ги поттикнат соработката и меѓусебното почитување меѓу студентите со различни етнички заднини. Истражувањето исто така може да идентификува бариери со кои се соочуваат немнозинските заедници во високото образование и да предложи мерки за нивно надминување, како што се развој на посебни програми за поддршка, стипендии и програми за менторство. Препораките ќе помогнат во подобрување на курикулумите и политиките за инклузивност, создавајќи образовни институции што ќе бидат носители на интеркултурниот дијалог и на општествената интеграција.

- **Социјални придонеси:** Ова истражување може да помогне во подобро разбирање на динамиката на меѓуетничките односи во РСМ и да ги идентификува главните предизвици и можности за унапредување на социјалната кохезија. Преку анализа на влијанието на образовните реформи врз интеркултурниот дијалог, истражувањето ќе обезбеди алатки за зајакнување на социјалната хармонија и на заедничките вредности во мултикултурното општество. Истражувањето ќе придонесе кон создавање средина во која различните заедници можат да соработуваат и да ги надминат меѓуетничките предизвици преку образование. Овие придонеси имаат долгорочен потенцијал за унапредување на општествената стабилност, намалување на тензиите и промоција на толеранцијата и на разноликоста во РСМ.

Овој труд е структуриран во неколку глави, при што секоја од нив се фокусира на различни аспекти на темата. Во продолжение е дадена структурата на трудот:

Во воведот се опишуваат мултикултурната природа на РСМ и важноста на ОРД од 2001 година, со фокус на неговото влијание врз високото образование и интеркултурниот

дијалог. Во воведот, исто така, се поставува и главното истражувачко прашање и се дефинираат хипотезите.

Во првата глава се прави анализа на причините за конфликтот меѓу ОНА и македонските безбедносни сили, засегнатите страни, историскиот контекст и последиците од конфликтот.

Во втората глава се дава преглед на содржината на ОРД, како и преглед на напредокот во имплементацијата на ОРД од 2001 до 2023 година генерално.

Во третата глава се дава преглед на напредокот во имплементацијата на ОРД во делот на високото образование и интеркултурниот дијалог и се коментираат извештаите на ЕК поврзани со ова прашање. Воедно, се анализираат образовните политики во контекст на ОРД, со фокус на промените во законодавството и имплементацијата на мерки за унапредување на правичната застапеност и пристапот до високото образование за немнозинските заедници. Се испитува нивото на учество и застапеност на немнозинските етнички заедници во високото образование, како еден од клучните аспекти за постигнување социјална кохезија. Се анализираат различни програми и активности во високите образовни институции чии цели се промоција на интеркултурниот дијалог и соработка меѓу студентите од различни етнички заедници.

Во четвртата глава се презентираат наративите од спроведените интервјуа со фокусни групи во однос на постигнатото во имплементацијата на ОРД, вклучително и позитивни и негативни аспекти и препораки за понатамошни реформи. Во оваа глава се прави и детална анализа на наративите од интрвјуата на учесниците и се дава критички осврт на наведеното во интервјуата.

Во заклучокот се сумираат клучните наоди од истражувањето, се истакнуваат главните предизвици и успеси во имплементацијата на ОРД во областа на високото образование и интеркултурниот дијалог и се предлагаат насоки за понатамошни реформи и унапредување на овие области.

Сумарно може да истакнеме дека имплементацијата на ОРД претставува важен чекор кон стабилизацијата и интеграцијата на македонското општество. Високото образование и интеркултурниот дијалог играат критична улога во овој процес, обезбедувајќи платформа за младите од различни етнички заедници да учат и да растат

заедно. Ова истражување има цел да придонесе кон подобро разбирање и унапредување на овие процеси, овозможувајќи посилна и покохезивна заедница во РСМ.

# ГЛАВА 1: ПРИЧИНИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД КОНФЛИКТОТ ВО 2001 ГОДИНА (МЕЃУ ОНА И МАКЕДОНСКИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ СИЛИ)

## 1.1 Причини за конфликтот и засегнати страни

Со распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ), РМ започна процес на осамостојување, кој, за разлика од другите републики, помина без насилство. На 8 септември 1991 година, на референдум беше изгласана независноста на земјата. Во тој период кај албанскиот политички блок имаше големо незадоволство, поради тврдењето дека се обесправен народ од завршувањето на Втората светска војна, кога не добиле своја република како другите народи во СФРЈ, туку само ограничена автономија[17].

Декларацијата за суверена Македонија и референдумот за нејзиното осамостојување создадоа услови за усвојување на Уставот на РМ. Уставот, како највисок правен акт, беше усвоен на 17 ноември 1991 година[18], но сето тоа, историски гледано, предизвика големо незадоволство кај албанскиот блок, кој сметаше дека е државотворен народ, а не малцинство во земјата.

Во првата деценија од постоењето на нашата држава постоеја изблици на етничко незадоволство, но истовремено се градеа и механизми за нивно надминување. Во тој поглед, македонското општество, па и политичката сцена, покажуваа зачудувачки голема зрелост за држава без поголеми демократски традиции, особено во споредба со она што се случуваше во другите постјугословенски држави[19].

---

[17] Реџепи, З. (н.д.). *Усвојување на Уставот на Република Македонија*. М-р ЗЕЌИРЈА РЕЏЕПИ. http://zeqirja-rexhepi.blogspot.com/2008/01/blog-post_582.html

[18] Собрание на Република Северна Македонија ( PDF) https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf

[19] Ванковска, Б. Бермудскиот триаголник на македонската државност: Охридски, Преспански и Бугарски Договор, Филозофски Факултет, Годишен зборник, 2019, стр. 379-380.

Но, во следната деценија, многу настани подгреваа меѓуетничките тензии. Еден од позначајните настани во овој контекст беше отворањето на првиот универзитет во Тетово на албански јазик во 1994 година, кој не беше признат од властите во Македонија до 2004 година. Исто така, немирите во Тетово и во Гостивар во 1997 година, кога беа убиени неколку Албанци во судир со властите, но и бегалската криза од војната на Косово во 1999 година дополнително ги комплицираа односите[20].

Со ескалацијата на состојбата на Косово, дел од тензиите се прелеаја и во нашата држава. Кон крајот на 2000 година и почетокот на 2001 година, започнаа првите немири и судири меѓу ОНА и македонските безбедносни сили. ОНА често се поврзуваше со Ослободителната војска на Косово (ОВК), ако се има предвид дека поранешни членови на ОВК стануваа членови на ОНА[21].

Во суштина, конфликтот во РМ во 2001 година произлегуваше од долгогодишните етнички тензии и политички незадоволства од една страна и нестабилноста во соседството (Косово/Србија) од друга страна. Основната причина за конфликтот беа нерамноправноста и привилегиите меѓу македонската мнозинска заедница и албанската немнозинска заедница. Албанците долго време сметаа и се чувствуваа маргинализирани и дискриминирани во однос на економските, социјалните и политичките права[22].

Политичките права на албанската заедница, според Меѓународната кризна група, беа ограничени, што доведе до чувство на незадоволство и фрустрација. Албанците бараа поголема автономија, употреба на албанскиот јазик како службен јазик и правична застапеност во државните институции. Недостигот на дијалог и компромис од страна на владејачките македонски партии дополнително ја влоши ситуацијата[23].

Нападот на полициската станица во Осломеј, Кичевско, на 18 јануари 2001 година, го означи тригерот на воениот конфликт во Македонија. Потоа следуваше првата вооружена престрелка кај Танушевци на 16 февруари 2001 година, кога припадниците на

---

[20] RefugeeLaw.mk. (2020, август 12). *Косовската бегалска криза*. RefugeeLaw.mk. https://refugeelaw.mk/mk/2020/08/12/kosovska-begalska-kriza/

[21] Нова Македонија. (2021, октомври 30). *Хаг го стега обрачот околу ОВК и ОНА*. Нова Македонија.

[22] CHRCR. (n.d.). Разбирање на сегашната историја. Центар за хуманитарни, расни и културни права. https://chrcr.org.mk/web/wp-content/uploads/2019/06/razbiranje-na-segashnata-istorija.pdf.

[23] International Crisis Group. (2001, април 5). The Macedonian question: Reform or rebellion (Balkans Report No. 109). https://www.crisisgroup.org/europe-central-asia/balkans/macedonia/macedonian-question-reform-or-rebellion

Армијата на РМ пресретнаа група на луѓе што нелегално ја преминуваа границата[24]. АНА/ОНА ја оправдуваше својата акција со барањето за еднакви права и крај на дискриминацијата врз албанската заедница. Овој настан ја запали искрата на насилството и доведе до широки вооружени судири.

Македонската влада одговори со распоредување на војската и на полицијата, што доведе до ескалација на насилството. На двете страни имаше значителни загуби, меѓу кои и цивилни жртви[25]. Оваа ситуација создаде чувство на несигурност и нестабилност во земјата, а меѓународната заедница изрази загриженост за можната ескалација на конфликтот во пошироки регионални размери.

Засегнатите страни во конфликтот ги вклучуваа не само македонските и албанските етнички заедници туку и меѓународни актери како ЕУ, Организацијата на обединетите нации (ООН), НАТО и Соединетите Американски Држави (САД). Овие меѓународни актери одиграа клучна улога во медијацијата и постигнувањето на ОРД, кој стави крај на конфликтот и воспостави механизми за заштита на правата на немнозинските заедници во Македонија[26].

Следните месеци беа исполнети со голем број судири меѓу ОНА и македонските безбедносни сили. Меѓународните актери, како НАТО, ЕУ, ООН и САД, се обидуваа да спречат масивно насилство и пресликување на сценаријата од Босна и Херцеговина и Косово. Џорџ Робертсон, генералниот секретар на НАТО, и Хавиер Солана, високиот претставник на ЕУ за заедничка надворешна и безбедносна политика, неколку пати ја посетија земјата, обидувајќи се да изнајдат политичко решение[27].

Иако се чинеше дека на почетокот успеваат, наскоро ОНА почна да се придвижува од регионот на Тетовско и Кумановско кон Арачиново, на само девет километри од Скопје, главниот град на Македонија. Во следната рунда преговори пристигна нов тим предводен од поранешниот министер за надворешни работи на Франција и голем број експерти од САД и ЕУ, кои го започнаа процесот познат како „охридски процес“. По седум седмици од

---

[24] Todor Atanasovski. 2002. Čekorenje Po Krizata.

[25] CHRCR. (n.d.). Разбирање на сегашната историја. Центар за хуманитарни, расни и културни права. https://chrcr.org.mk/web/wp-content/uploads/2019/06/razbiranje-na-segashnata-istorija.pdf.

[26] United Nations. (2001). *Security Council resolution 1345 (2001)*. https://undocs.org/S/RES/1345(2001)

[27] SDK. (n.d.). Поранешните европски дипломати Робертсон, Солана и Ле Роа формираа група „Охрид“ за поддршка на Македонија за влез во НАТО. SDK. https://sdk.mk/index.php/makedonija/poraneshnite-evropski-diplomati-robertson-solana-le-roa-formiraa-grupa-ohrid-za-poddrshka-na-makedonija-za-vlez-vo-nato/

вклучувањето на меѓународната заедница, на 13 август 2001 година, конечно беше потпишан ОРД[28].

Во суштина, ОРД претставува точка на пресек помеѓу два спротивставени политички концепти: националниот, односно граѓански модел, и етничкиот, или консоцијативниот модел. Националниот граѓански концепт се базира на идејата за единствена, неделива држава, каде што граѓаните се носители на суверенитетот без оглед на етничката припадност. Од друга страна, етничкиот или консоцијативен модел е заснован на принципите на етничка поделба и правична застапеност, каде што етничките заедници имаат загарантирани права и политички учество во рамките на државата. ОРД беше резултат на компромис меѓу овие два концепти, со цел да се обезбедат стабилност и мир преку признавање на специфичните права на заедниците што не се мнозинство во земјата, додека истовремено се зачува суверенитетот на државата како политички ентитет.

Главните заложби на ОРД беа да ги задоволат двете засегнати страни во конфликтот, со тоа што ќе се зголемат правата на етничките Албанци во Македонија без да биде нарушен територијалниот интегритет на Македонија. Прекин на непријателствата и доброволно разоружување на албанските вооружени сили со помош на НАТО беа главните точки[29].

Развојот на децентрализирана власт, со зголемени овластувања на локалните претставници во областите на јавните услуги, урбаното и руралното планирање, заштитата на животната средина, локалниот економски развој, културата, локалните финансии, образованието, социјалната и здравствената заштита, беа други важни аспекти на договорот.

Недискриминацијата и правичната застапеност на заедниците што не се мнозинство на населението во РСМ беа предвидени особено при вработувањата во јавната администрација и во јавните претпријатија. Посебни собраниски процедури за усвојување на уставни измени и закони за локална самоуправа бараа двотретинско мнозинство, кое ги вклучуваше и гласовите на албанското немнозинско население.

---

[28] Paintin, K. (2009). *States of conflict: A case study on conflict prevention in Macedonia*. Institute for Public Policy Research. https://www.iai.it/sites/default/files/iai9708.pdf

[29] NATO. (n.d.). NATO's role in Macedonia. https://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_52121.htm.

Потпишувањето на ОРД за Македонците претставуваше неправеден договор, донесен под притисок на меѓународните актери, додека за Албанците тој беше легитимирање на воените успеси и добивање статус како втор конститутивен народ во државата[30].

И денес, 20 години по неговото потпишување, ОРД останува значајна политичка алатка во РСМ. Овој договор често се користи за политички цели, особено во контекст на етничките прашања и меѓуетничките односи во земјата. За некои политички партии и актери, тој претставува основа за барања за поголеми права и привилегии за заедниците што не се мнозинство на населението во РСМ, додека за други е симбол на нешто што создава поделби во општеството. Наместо да биде исклучиво инструмент за зацврстување на меѓуетничката хармонија, договорот често се користи како политичка монета во меѓупартиски натпревари и во дебатите за националните интереси и идентитет. Договорот и денес има голема тежина во домашната политика и претставува дел од динамиката на политичкиот дискурс.

## 1.2 Претходни несогласувања и историски контекст

Историски, Македонија била подложена на многу политички и територијални промени, што резултирало со несогласувања меѓу етничките групи. Во текот на XIX век, Македонија била дел од Османлиското Царство, каде што различните етнички заедници биле дел од османлиска власт[31].

Балканските војни (1912-1913)[32] дополнително ги влошиле етничките тензии во регионот. Со поделбата на Османлиското Царство, Македонија била поделена меѓу Србија, Грција и Бугарија, што оставило многу Македонци и Албанци да живеат надвор од своите етнички граници. Ова создало долготрајни национални и етнички конфликти, кои траат и до денес.

По Првата светска војна, Вардарска Македонија станува дел од Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, подоцна преименувано во Кралството Југославија.

---

[30] CHRCR. (n.d.). Разбирање на сегашната историја. Центар за хуманитарни, расни и културни права. https://chrcr.org.mk/web/wp-content/uploads/2019/06/razbiranje-na-segashnata-istorija.pdf.
[31] Birtanica (n.d.). https://www.britannica.com/place/North-Macedonia
[32] Birtanica (n.d.). https://www.britannica.com/place/North-Macedonia

Македонците и Албанците биле подложени на асимилациски политики, што предизвикало дополнителни несогласувања. Албанците, на пример, биле принудени да ги остават своите традиции и јазик, што резултирало со значително незадоволство.

Во текот на Втората светска војна, Македонија била окупирана од германски, италијански и бугарски сили. Во овој период, Албанците од западна Македонија добиле поддршка од италијанската окупациска власт за да воспостават автономија, што дополнително ги влошило односите меѓу етничките групи[33]. Овие историски настани создале основа за последователни конфликти и недоразбирања.

По Втората светска војна, Македонија станува дел од СФРЈ. Иако Македонија добила статус на република, Албанците продолжиле да се чувствуваат обесправени бидејќи не добиле сопствена република. Овој период е одбележан со ограничувања и репресии кон албанското население, што предизвикало продолжени етнички тензии.

Во 1980-тите, со смртта на Јосип Броз Тито и економските проблеми на СФРЈ, етничките напнатости почнаа да се интензивираат. Во Македонија, албанското население започна да бара поголеми права и автономија, што доведе до сериозни несогласувања со македонските власти. Овие настани беа предвесници на идните конфликти.

Периодот на 1990-тите донесе распад на СФРЈ и создавање на независна Македонија. И покрај мирниот процес на осамостојување, етничките Албанци во Македонија продолжија да се чувствуваат маргинализирани. Ова беше период на политичка нестабилност, во кој албанската заедница бараше поголеми права и учество во власта, што предизвика многубројни политички и социјални конфликти.

Во 1994 година, отворањето на Универзитетот во Тетово на албански јазик беше значаен настан што ги подгреа меѓуетничките тензии[34]. Властите не го признаваа универзитетот, што доведе до протести и судири. Овој настан е само еден пример за долгогодишната борба на албанското население за образовни права и културна автономија. Оваа институција е основана на 17 декември 1994 година како иницијатива на албанските интелектуалци, невладини организации и разни аполитички здруженија и сите ентузијасти од високото образование во земјата и пошироко. Универзитетот бил основан на

[33] Ристовски и други, Ф. (1982 г.) Слободата беше нивниот идеал Кичево: Музеј на Западна Македонија во НОВ – Кичево стр. 21.

[34]Рецепи, З. (н.д.). *Усвојување на Уставот на Република Македонија*. М-р ЗЕЌИРЈА РЕЦЕПИ. http://zeqirja-rexhepi.blogspot.com/2008/01/blog-post_582.html

основачкото собрание свикано од Културната заедница на Албанците во Македонија, во својство на основач, додека иницијатор, идеатор и потписник на документите за основање на Универзитетот и за именување на привремените органи на универзитетот бил проф. Абдула Мехмети, претседател на Културната заедница на Албанците во Македонија. Овој државен универзитет останува непризнаен од властите сè до јануари 2004 година, кога беше донесен Законот за основање на Државниот универзитет во Тетово од страна на Собранието на РМ[35]. Овој закон е всушност еден од плодовите на ОРД.

Немирите во Тетово и во Гостивар во 1997 година дополнително ги влошија меѓуетничките односи. Во овој период, неколку Албанци беа убиени во судир со властите, што доведе до растечко незадоволство и чувство на неправда меѓу албанското население. Овие инциденти го засилија барањето за поголеми права и автономија.

Конфликтот од 2001 година, кој започна со нападот на полициската станица во Осломеј и вооружените престрелки кај Танушевци, како што е наведено погоре, беше врв на долгогодишните етнички тензии. Овој конфликт ги изложи длабоките историски и политички корени на несогласувањата меѓу Македонците и Албанците и покажа дека решавањето на овие проблеми бара сериозен и одржлив дијалог и компромис.

## 1.3 Последици од конфликтот

Конфликтот од 2001 година во Македонија имаше значителни последици врз политичката, економската и социјалната сфера во земјата. Воениот конфликт доведе до жртви и материјални штети, кои оставија длабоки траги врз сите, а особено врз немнозинските заедници.

Политички, конфликтот резултира со потпишувањето на ОРД на 13 август 2001 година. ОРД предвидуваше серија реформи чија цел беше да ги подобрат, меѓу другото, правата на немнозинското албанско население во Македонија, вклучително и признавање на албанскиот јазик како официјален јазик во општините каде што етничките Албанци сочинуваат најмалку 20 % од населението. Овие реформи беа насочени кон зголемување на учеството на Албанците во јавната администрација, во полицијата и општо во

[35] Закон за основање на Државен универзитет во Тетово https://dejure.mk/zakon/zakon-za-osnovanje-na-drzhaven-univerzitet-vo-tetovo

општествениот живот во Македонија. Иако ОРД беше договорен за да се решат етничките тензии, неговата имплементација беше предмет на многубројни предизвици и контроверзии.

За Македонците, ОРД беше често перципиран како неправеден договор наметнат од меѓународната заедница, додека за Албанците, тој претставуваше долгоочекувана легитимација на нивните права и воени успеси[36].

Гледано од друга страна, ОРД одигра клучна улога во зацврстувањето и во зачувувањето на мирот и стабилноста во РМ по конфликтот во 2001 година. Неговата имплементација, која вклучуваше серија уставни измени и законски реформи, имаше цел да обезбеди поголема правичност и инклузивност за заедниците што не се мнозинство на населението во РМ. Ова опфаќаше воведување мерки за децентрализација, подобрена употреба на јазиците на заедниците што не се мнозинство и зголемена политичка и економска застапеност на овие заедници.

Исполнувањето и имплементацијата на ОРД не само што ја стабилизираа внатрешната политичка ситуација туку исто така и ги исполнија критериумите што ЕУ ги поставува за земјите што сакаат да го започнат процесот на пристапување. Како резултат на имплементацијата на реформите предвидени со ОРД, ЕК го препозна напредокот на Македонија во областа на демократијата, владеењето на правото и меѓуетничките односи. Ова го отвори патот кон тоа државата во 2004 година да добие официјален статус на земја кандидат за членство во ЕУ, што претставува значаен чекор кон нејзината евроинтеграција. Оваа победа беше признание од страна на ЕУ дека Македонија направи значителен напредок во решавањето на внатрешните конфликти и во постигнувањето политичка стабилност, што се сметаше за клучен предуслов за започнување на формалните пристапни преговори.

Економски, конфликтот и бегалската криза од Косово од 1999-2000 година значително ја ослабеа македонската економија. Разрушените инфраструктури и зголемените воени трошоци дополнително го намалија економскиот раст. Многу области

---

[36] DW. (2014, август 13). *Охридски договор: Добар документ, лоша реализација*. DW. https://www.dw.com/mk

во Македонија, особено оние погодени од конфликтот, се соочија со висока стапка на невработеност и сиромаштија.

Социјалните последици од конфликтот се чувствуваат и до денес. Многу семејства беа разделени и значителен број луѓе беа принудени да ги напуштат своите домови. Овие трауми оставија длабоки лузни во колективната меморија на немнозинските заедници, што дополнително го комплицира процесот на помирување и интеграција.

Конфликтот исто така имаше и регионални импликации. Тој поттикна загриженост за стабилноста на Балканот и ја истакна потребата од меѓународна интервенција и поддршка за спречување идни конфликти. НАТО и ЕУ играа клучна улога во посредувањето и во надзорот на имплементацијата на ОРД, што ја покажа важноста на меѓународната заедница во одржувањето на мирот и на стабилноста.

Во образовниот сектор, конфликтот и последователните реформи доведоа до отворање повеќе училишта и универзитети на албански јазик. Ова беше значаен чекор кон подобрување на образовните можности за албанското население, иако со тоа се предизвикаа и одредени политички и социјални тензии меѓу етничките заедници.

Институционалните промени што произлегоа од конфликтот и ОРД вклучуваат и реформи во целата јавна администрација. Целта беше да се создадат поинклузивни и репрезентативни институции, кои ќе ги одразуваат разликите и ќе промовираат поголема доверба меѓу заедниците.

Конфликтот исто така влијаеше и врз политичката сцена во Македонија. Се формираа нови политички партии што ги претставуваа интересите на различни немнозински заедници, а старите партии мораа да се адаптираат на новите политички реалности. Ова доведе до формирање коалициски влади, кои често вклучуваа партии од различни немнозински заедници.

На крајот, и покрај значајните напори за реформи и за помирување, кои произлегуваа од духот на ОРД, етничките тензии и недовербата сè уште се присутни во македонското општество. Потребно е продолжување на дијалогот и на напорите за интеграција за да се обезбедат долготраен мир и стабилност во земјата. Потребно е доследно почитување на одредбите на духот во кој беше творен, донесен и потпишан ОРД.

# ГЛАВА 2: СОДРЖИНА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР

## 2.1 Содржина на Охридскиот рамковен договор

Како што е подетално елаборирано во воведот и во првата глава од овој магистерски труд, ОРД е директен резултат на вооружениот конфликт од 2001 година, кој беше предизвикан од низа инциденти и напади од страна на ОНА врз безбедносните сили на РМ. Во овој дел од магистерската теза ќе се фокусираме на содржината и одредбите на ОРД, а особено на оние одредби што ги засегаат образованието и интеркултурниот дијалог. Какви одредби носи овој Договор? Која е целта што требаше да се постигне со потпишувањето на овој Договор?

Рамковниот договор беше прифатен од двете страни во конфликтот, како единствена алтернатива за Македонија и за нејзините граѓани во тој момент. Некои аналитичари потпишувањето на Договорот го нарекоа „датум" на потпишување мир меѓу две вооружени страни, или почетен датум на една нова историја за двата најголеми народа во Македонија[37]. Други, пак, Договорот го нарекоа последна шанса за соживот меѓу Албанците и Македонците на ова поднебје. Тогашниот претседател на РМ – Борис Трајковски, во тој период нагласи дека: „Функционирањето на ОРД има за цел да ѝ стави крај на војната и да ги создаде основите на долгорочен мир"[38].

ОРД е широкопофален за спречување на целосна граѓанска војна во РСМ, со тоа што стави крај на конфликтот во 2001 година, кој предизвика над 200 жртви и раселување на повеќе од 100 000 луѓе. Поздравен како „ново поглавје во македонската демократија", првенствено е анализиран преку перспективите за градење мир, споделување на власта и

[37] Биебер, Ф. (2008). Поделба на власта и спроведување на Охридскиот рамковен договор. Фондација Фридрих Еберт Канцеларија Скопје. стр. 25.
[38] Биебер, Ф. (2008). Поделба на власта и спроведување на Охридскиот рамковен договор. Фондација Фридрих Еберт Канцеларија Скопје. стр. 67-68.

решавање конфликти. ОРД ги олесни уставните реформи, обликувајќи го „македонскиот модел на споделување мека моќ“[39].

Рамковниот договор, гледан во содржината и во суштината, категорично ја осудува употребата на насилство за постигнување политички цели. Само мирните политички решенија можат да обезбедат стабилна и демократска иднина за Македонија. Суверенитетот, територијалниот интегритет и унитарниот карактер на Македонија се неприкосновени и мора да се зачуваат. Не постојат територијални решенија за етничките прашања. Во тој контекст, Договорот налага целосно запирање на непријателствата, разоружување на етничките албански вооружени групи и нивно целосно распуштање.

Особен битно е истакнувањето на мултиетничкиот карактер на македонското општество, кое мора да се сочува и да најде свој одраз во јавниот живот. Во согласност со договорот, една современа демократска држава, во природниот тек на својот развој и созревање, мора постојано да обезбедува нејзиниот устав целосно да ги исполнува потребите на сите нејзини граѓани во согласност со највисоките меѓународни стандарди, коишто и самите постојано се развиваат. Токму поради тоа, Уставот на нашата земја има претрпено значителни промени со потпишувањето на овој договор, препознавајќи го и прифаќајќи го мултиетничкиот карактер на државата.

ОРД уште на својот почеток поставува рамка со цел да се обезбеди и да се осигури иднината на демократијата во Македонија и да се овозможи развојот на поблиски и поинтегрирани односи меѓу РМ и Евроатлантската заедница.

Примарната цел што треба да се постигне преку точките од овој договор е промовирање на мирниот и хармоничен развој на граѓанското општество, со истовремено почитување на етничкиот идентитет и интересите на сите македонски граѓани без разлика на заедницита на која ѝ припаѓаат.

[39] Georgieva, L; Trajanovski, N; Wolffe, J. Commemorating the Good Friday Agreement (1998) and the Ohrid Framework Agreement (2001). p.141.

ОРД ја нагласува важноста на развојот на локалната самоуправа за зачувување на идентитетот на заедниците. Со Рамковниот договор се предвидува ревидирање на Законот за локална самоуправа за зајакнување на овластувањата на избраните локални претставници и за зголемување на нивните надлежности во согласност со Уставот и Европската повелба за локална самоуправа. Воедно, се предвидува и носење на Закон за финансирање на локалната самоуправа за да се обезбеди соодветен систем на финансирање, за на локалните власти да им се овозможи да ги исполнуваат сите свои надлежности.

Политички, договорот предвидува почитување на принципот на недискриминација и еднаков правичен третман на сите граѓани пред законот. Овој принцип особено ќе се применува при вработувањата во јавната администрација и во јавните претпријатија. Во Уставниот суд, една третина од судиите ќе бидат избрани од Собранието, со мнозинство од вкупниот број пратеници што припаѓаат на заедниците што не се мнозинство на населението на Македонија. Истата процедура важи и за изборот на Народниот правобранител и на тројцата членови на Судскиот совет. Сите овие одредби се пат кон подигнување на интеркулурниот дијалог и на интеграцијата на немнозинските заедници во македонскто општество. Преку сите овие процеси, целта беше да настанат мешање, зголемување на комуникацијата и дијалогот меѓу немнозинските заедници и мнозинското македонско население, што во практика доведува до зголемување на интеркултурниот дијалог.

На централно ниво, уставните амандмани и Законот за локална самоуправа нема да можат да се усвојат без квалификувано двотретинско мнозинство, кое вклучува мнозинство од гласовите на пратениците што припаѓаат на заедниците што не се мнозинство на населението на земјата. Истиот принцип важи и за закони што директно ги засегаат културата, употребата на јазикот, образованието, личните документи и симболите, како и законите за локално финансирање, локални избори, Градот Скопје и општинските граници. Токму преку овие одредби се гледаат главниот фокус и цел на ОРД.

Во однос на симболите, ОРД дозволува локалните власти да поставаат симболи што го одбележуваат идентитетот на заедницата што е мнозинство, непосредно до националниот симбол на Македонија.

**Структурно,** покрај точките наведени во овој Договор како основни принципи, составен дел на ОРД се и три анекси, и тоа:

- Анекс А за уставни амандмани,
- Анекс Б за измени во законодавството и
- Анекс Ц за имплементација и мерки за градење доверба.

Во анексот А се наведува дека Преамбулата на Уставот на РМ ќе се замени со јазик заснован на концепти на индивидуални права и граѓанско општество:

„Граѓаните на Република Македонија, македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите... одлучија да ја конституираат Република Македонија како самостојна, суверена држава, со намера да се воспостави и зацврсти владеењето на правото, да се гарантираат човековите права и граѓанските слободи, да се обезбеди мир и соживот, социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот, преку своите претставници во Собранието на РМ, избрани на слободни и демократски избори“[40].

Суштината на измената во политичкиот манифест за конституирањето на мултиетничка Македонија е во признавањето дека сите етнички групи заеднички одлучиле да ја конституираат РМ. Токму тука е основата на интеркултурниот дијалог меѓу ентикумите, кој понатаму треба да најде свој придонес и практика во секојдневниот општествен живот.

Анексот Б предвидува измени во законодавството, вклучително и во Законот за локална самоуправа, Законот за локално финансирање, законите за образование, за територијална поделба, изборни единици, новиот деловник на Собранието и законите што се однесуваат на употребата на јазиците[41].

[40] Министерство за локална самоуправа. Рамковен договор https://mls.gov.mk/images/laws/Ramkoven_dogovor.pdf
[41] Ibid.

Анексот Ц се однесува на имплементацијата на Договорот и на мерките за градење доверба, кои ги вклучуваат пописот, изборите, враќањето на бегалците и улогата на меѓународната заедница[42].

Александар Илиев, во книгата „Улогата на разузнавањето во противбунтовништво" од 2014 година, наведува дека содржината на ОРД ги отсликува гледиштата на САД за потребните реформи во Македонија од периодот 1994-1996 година, фокусирајќи се на човековите права и на правата на етничките Албанци, но не и на првичните барања на ОНА за отцепување на албанските области од Македонија[43].

Првичните барања на ОНА за време на конфликтот во 2001 година вклучуваа и територијални претензии и отцепување на регионите населени со албанско население од Македонија. Овие барања беа одраз на тензиите меѓу македонската држава и албанското немнозинско население, што кулминира во конфликт. Меѓутоа, со текот на времето и под влијание на меѓународните посредници, приоритетите на ОНА значително се префрлија од територијални барања кон унапредување на човековите права и на правата на етничките Албанци во Македонија.

Овој пресврт се забележува особено поради ОРД, кој понуди политичко решение за конфликтот и се фокусира на децентрализација и поголема инклузија на Албанците во политичкиот и во општествениот живот на земјата. Наместо територијални отцепувања, ОНА започна да бара унапредување на правата на Албанците, кои вклучуваат јазична еднаквост, пропорционална застапеност во јавните институции и подобрен пристап до образованието и до локалната самоуправа.

Со овој развој на работите, ОНА и албанските политички актери во Македонија се насочија кон постигнување долгорочни решенија за подобрување на положбата на Албанците преку правни и политички реформи, наместо преку територијални поделби, што беше клучен елемент во одржувањето на територијалниот интегритет на земјата и во зацврстување на меѓуетничките односи.

[42] Ibid.
[43] Ibid.

## 2.2 Напредок во имплементацијата на ОРД од 2001 до 2023 година

За најдобро да се одговори на прашањето за имплементацијата на ОРД во целост, а особено во делот на високото образование и на културата, неоходно е да се разгледаат повеќе аспекти.

Имено, во Македонија во континуитет сите овие години е актуелна и сè уште не е затворена дебатата околу концептот на „духот на ОРД“. Дискусијата е поведена поради различни прашања и мислења. Начелно, неколку мислења на оваа тема се дадени и во точка 2.2 од оваа магистерска теза.

Многу често се поставува прашањето: која беше „смислата и целта“ на ОРД кога беше потпишан во 2001 година? Иако основната цел беше воспоставување мир, странично гледано целта беше и многу поголема. Овој договор не беше само за прекин на воените дејства, туку и го постави македонскиот Устав на нова основа. Од политички модел насочен кон класичната вестминистерска демократија, Уставот се трансформира во консоцијална демократија со специфични правила за заштита на етничките заедници од мајоризација во одредени политички области. Идејата со Договорот за поделба на власта беше да им се гарантира на сите етнички заедници во Македонија политичко, општествено и културно учество, како и самоизразување во рамките на македонската држава. Целта беше загарантираните права да не се само именувани туку и граѓаните што припаѓаат на помалите етнички заедници да може да имаат реална можност таквите права да ги уживаат. Според тоа, ОРД беше насочен кон целосна интеграција на оние етнички групи чие ниво на учество дотогаш зависеше од волјата на мнозинската заедница[44].

По завршувањето на преговорите во Охрид, на 13 август 2001 година во Скопје договорот беше потпишан од:

- Љубчо Георгиевски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ;
- Имер Имери, претседател на ПДП;
- Борис Трајковски, претседател на РМ;
- Бранко Црвенковски, претседател на СДСМ и
- Арбен Џафери, претседател на ДПА.

[44] Поделба на власта и спроведување на Охридскиот рамковен договор, Издавач: Фондација Фридрих Еберт Канцеларија Скопје, Скопје 2008, стр. 5-6.

Како гаранти на договорот од меѓународната заедница, потписници на договорот се и специјалните претставници:

- Франсоа Леотар, претставник на ЕУ;
- Џејмс Пердју, претставник на САД[45].

Најкомплетен и систематски пристап на имплементацијата на ОРД направи Институтот „Ф. Еберт", канцеларијата во Скопје, кој во 2008 година објави на 291 страница публикација под наслов „Поделба на власта и спроведување на ОРД" на албански, македонски и англиски јазик. Пристапот вклучува различни аспекти на социјалниот развој: политички, економски, културен и образовен аспект на спроведување на Охридскиот договор. Во оваа публикација се опфатени проблемите поврзани со албанскиот јазик и неговата употреба и генерално се дадени гледишта за имплементацијата на овој договор низ годините (Џ. Мурати, Е. Мехмети, Е. Азири, Р. Сулејмани). Преку ставовите истакнати во оваа публикација ќе биде и дискутирана имплементацијата на овој договор, со фокус на напредокот во имплементацијата во областа на образованието генерално и интеркултурниот дијалог, кои произлегуваат од духот на овој договор. Посебно внимание се посветува и на имплементацијата на одредбите од ОРД во областа на високото образование.

Направените анализи последниве години покажуваат една несериозност на политичките сили во земјата во разбирањето на практикувањето на овој Договор, или, поинаку кажано, неговото доследно имплементирање. Што е уште позначајно, заслугите на Договорот почнаа да се оспоруваат од одредени кругови веднаш по неговото потпишување. Сето ова е израз на немање еден идеен консензус во врска со овој значаен документ. Постојат разлики во интерпретирањето на ОРД, како на албанско-македонска релација така и на внатреалбанска и внатремакедонска релација. Се создава впечаток дека со минувањето на времето намерно се замаглуваат вистинските вредности и начела на овој Договор, со што им се дава „ексклузивното право" на негово интерпретирање на гарнитурите што ја прават дневната политика, кои, некогаш поради непознавање на нештата, а некогаш заради реализирање на многу тесните интереси, ја „извртуваат историјата"[46].

[45] Akademik.mk. (n.d.). https://akademik.mk/chetirinaeset-godini-ohridski-ramkoven-dogovor-3/

[46] Азири, Е. (2008). Поделба на власта и спроведување на Охридскиот рамковен договор. Фондација Фридрих Еберт Канцеларија Скопје. стр. 68.

Во суштина, на ОРД треба да се гледа како на резултат на континуираните напнатости во Македонија, кои кулминираа со конфликтот во 2001 година. Изгледа дека многу македонски етнички аналитичари претпочитаат површно да ги анализираат работите, оставајќи можност тие да се повторат во некој неопределен момент, наместо да спроведат длабоки истражувања што би ги осветлиле овие ситуации со аргументи и еднаш засекогаш би ги решиле проблемите што ги заробиле меѓуетничките односи во одредени фази од развојот на државата.

Во контекст на ова е и фактот дека сѐ уште нема сеопфатна анализа на настаните од 2001 година. Политичките структури не покажуваат подготвеност за тоа, а академските кругови немаат храброст да се зафатат со оваа работа. Вистината за конфликтот во 2001 година сѐ уште ја презентираат политичките партии и нивните лидери, поделени според етничката припадност[47].

Додека македонската страна тврди дека конфликтот беше увезен однадвор, албанската страна инсистира дека конфликтот во 2001 година беше резултат на потценувањето на легитимните барања на албанскиот народ и на институционалната дискриминација на Албанците во Македонија. Бидејќи е многу тешко да функционира држава што се темели на две спротивставени вистини, неопходно е да се открие „вистинската вистина“.

Ако се разгледува ОРД како документ на консензус меѓу двата етникума, тогаш недостигот на темелни анализи за конфликтот од 2001 година го продолжува заложништвото на албанско-македонските односи, што негативно ќе се одрази врз развојот на демократијата и интеграцијата на Македонија во евроатлантските структури и генерално врз целосната имплементација на овој договор.

Потребно е експертите од двете етнички групи, на тимски начин, да ги анализираат следните настани: зошто сите етникуми во Македонија се одлучија за формирање свои национални партии; под кои околности се одржаа првите повеќепартиски избори; зошто албанското население не го поддржа Референдумот за независност на Македонија; зошто

[47] Ibid. стр. 68-69.

албанските пратеници не гласаа за првиот Устав донесен од повеќепартискиот парламент; зошто албанските партии организираа референдум за културно-територијална автономија и други прашања поврзани со првата посткомунистичка деценија во Македонија[48].

Потпишувањето на ОРД подразбираше активности што водат кон негување соживот, градење порелаксирани меѓуетнички, меѓуконфесионални и меѓукултурни односи, функционирање на правна држава, унапредување на демократијата и евроатлантска перспектива на земјата. Од ова станува јасно дека реализацијата на Договорот не е нешто факултативно, туку обврзувачко за сите политички субјекти[49].

Сепак, и 23 години по потпишувањето на Договорот, прашањето останува: што е и што претставува ОРД? Дали е тоа историски договор меѓу двата најголеми етникума во Македонија или, пак, е само политички маневар, манипулација или нешто друго? Овие прашања се засилени од различните толкувања на политичките и на академските кругови[50].

Треба да се признае дека на почетокот Договорот не беше прифатен од сите политички сили во земјата. Некои македонски кругови ја ширеа тезата дека ОРД е наметнат однадвор и дека го унапредува статусот на Албанците на штета на Македонците. Од друга страна, одредени албански кругови сметаа дека Договорот не го унапредува правно-политичкиот статус на Албанците до потребниот степен. За да се разбере што добиваат Албанците и што губат Македонците со овој Договор, може да се погледне планот на Ахтисари за идниот статус на Косово. Некои работи стануваат појасни само кога се анализираат документи што нудат слични или различни решенија во одредени околности и услови. Кога критички се разгледуваат гаранциите за Србите на Косово, станува јасно што „изгубиле“ Македонците и што добиле Албанците со потпишувањето на ОРД[51].

Објективно гледано, идниот развој на РСМ зависи во голема мера од политичката клима и од вкупните околности, како и од нејзината ориентација кон иднината. Во овој контекст, Македонија има неколку можни патишта: да го продолжи традиционалното

---

[48] Ibid. стр. 70.
[49] Ibid. стр. 70-71.
[50] Ibid. стр. 71.
[51] Ibid.

пријателство со другите словенски држави, да се изолира или да обезбеди заслужено место во ЕУ. Иако Македонија декларативно се определила за евроатлантската перспектива, конкретните активности зборуваат нешто друго. Во врска со ова, треба да се анализира ОРД, односно неговата целосна имплементација и пораките што произлегуваат од него.

Во овој случај, од особено значење се пристапот и интерпретацијата на Договорот. Ако ОРД се интерпретира во прогресивен дух, тој нуди широки можности за демократизација на општеството, унапредување на индивидуалните и на колективните права и постигнување меѓуетничка, меѓуконфесионална и меѓукултурна рамнотежа. Од друга страна, ако се интерпретира на нецелосен начин, тоа сигурно ќе доведе до кризи, незадоволства, стагнација и конфликти, кои потенцијално може да се развијат и во вооружени конфликти[52].

Во основните начела на ОРД се нагласува дека: „Современата демократска држава треба постојано да се осигурува дека нејзиниот Устав ги исполнува потребите на сите граѓани во согласност со највисоките меѓународни стандарди и дека се развива во склад со новите околности и услови“. Тоа значи дека, според ОРД, Уставот на Македонија не е совршен и непроменлив, туку највисок правен акт, кој треба да се приспособува според промените во општеството. Со други зборови, ОРД е историски документ на кој се темели сегашниот Устав[53].

Ако го разгледуваме ОРД како единствена алтернатива за двата најголеми етникума во Македонија за изградба на одржлива иднина, неговата имплементација е потребна и неопходна, иако е комплексна. Имплементацијата бара ефикасна мобилизација на сите прогресивни сили во земјата. Што се однесува на имплементацијата, треба да се потпреме на ставовите на релевантните меѓународни фактори, кои го оценија процесот како многу бавен. Домашните аналитичари, пак, се поделени според дневната политика: ако се задоволни со имплементацијата, тие се идентификуваат со албанските партии на власт, а ако не, со опозицијата.

[52] Ibid. стр. 72-73.
[53] Ibid. стр. 74.

Македонските партии, и на власт и во опозиција, се обидуваат да го намалат значењето на Договорот. Од друга страна, албанските партии, иако поделени, се соочуваат со тешкотии во управувањето со својот електорат. Сето ова води до слаби резултати во имплементацијата на ОРД, при што постигнатите резултати се задоволителни по форма, но не и по суштина. Многу закони се донесени, но не се применуваат правилно. Во Македонија, како постконфликтна земја, има потреба од мерки за зголемување на меѓусебната доверба. Ова ниво на доверба ќе се постигне кога албанското население ќе верува дека сите негови права може да се остварат во рамките на Македонија и кога Македонците ќе бидат уверени дека Албанците се фактор на стабилност[54].

Техничката имплементација опфаќа уставни измени и донесување закони во согласност со променетиот Устав. Овој процес, иако со многу слабости поради недоследното толкување на договорот и политичките пазарења, е завршен.

Сепак, од функционален аспект, постои различно толкување од двете страни за тоа дали договорот е имплементиран или не. Техничката имплементација без вистинско практикување е како тело без душа. Јасно е дека Албанците се најзаинтересирани за имплементацијата на договорот. Македонската страна треба да преземе повеќе одговорност бидејќи таа е носител на државниот суверенитет и Македонија се дефинира како држава пред сѐ на Македонците, при што се нагласува нејзиниот унитарен карактер. Ако ОРД се гледа како можност за вистинска демократизација и евроатлантска перспектива, тогаш логично е тие што се идентификуваат со државата да придонесат повеќе во неговото спроведување. Она што исто така треба да се истакне е дека не се имплементира ОРД, туку она што треба да се имплементира е Уставот на РСМ со сите негови промени што се направени.

Но во практиката не е баш така. Македонските политички субјекти не учат од минатото. Тие продолжуваат да ја користат незрелоста на албанските политички партии, правејќи опасни договори со поединци или со мали групи внатре во албанското политичко организирање. Со други зборови, тие ги користат внатреалбанските поделби. Албанските политички субјекти, пак, дејствуваат во екстреми. Кога се во опозиција, ја потценуваат

[54] Ibid. стр. 75-76.

важноста на ОРД и неговата имплементација ја третираат како нешто споредно, додека кога се дел од владата, се колнат во договорот и во неговата имплементација како да е тоа света книга[55].

Со договорот се донесе и идеја за поделба на власта, а заднината на тоа беше да им се гарантира на сите етнички заедници во Македонија политичко, општествено и културно учество, како и самоизразување во рамките на државата. Загарантираните права не требаше да се само именувани туку граѓаните што припаѓаат на помалите етнички заедници требаше да имаат реална можност да ги уживаат тие права. ОРД беше насочен кон целосна интеграција на етничките групи чие учество дотогаш зависеше од волјата на најголемата етничка заедница, односно од македонскиот народ.

Интеграцијата на сите етнички групи во општеството е постојан предизвик не само за Македонија туку и глобално. Овој предизвик бара одговор на различни нивоа – државно, општинско, граѓанско и индивидуално.

Договорот беше дизајниран да ги промовира мирот и стабилноста преку подобрување на правата и интеграцијата на етничките заедници, особено на албанската заедница. Повеќе од 130 закони, законски измени и дополнувања на закони се донесени во изминатите години од имплементацијата на ОРД, од кои најголем дел (59) се закони за недискриминација и за правична застапеност, 40 се во сферата на идентитетот, културата, образованието и децентрализацијата на власта.

За успешна имплементација на договорот, беше формиран Секретаријат за спроведување на ОРД, кој во 2019 година се трансформира во Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците[56].

Генерално, за и против овој Договор се изразија многу лица. Во анализата на весникот „Утрински весник“ од 11-12 септември 2004 година, се разликуваат четири карактеристични мислења.

- Добринка Тасева, професорка: „Охридскиот договор, благо речено, е несериозен. Тие што алудираат на нешто слично не ја гледаат Македонија како унитарна, нормална земја.“

---

[55] Ibid. стр. 74.

[56] Бојаровски, З. (2023, август 13). *Дваесет и две години Охридски рамковен договор*. Рацин.мк. https://racin.mk/makedonija/dvaeset-i-dve-godini-ohridski-ramkoven-dogovor/

- Денко Малески, професор: „Содржината на Рамковниот договор се неговите принципи. Тој е како Библија, од тука треба да почнеме."
- С. Ј. Петерсен: „Целосна имплементација на Охридскиот договор е од исклучителна важност."
- Мерсел Билал, професор: „Ако сме реални, ние мора да прифатиме дека дел од Охридскиот договор се реализира, и треба да продолжиме во таа насока."

Како што е напомнато и погоре, ОРД го промени Уставот и донесе некои подобрувања во законите од различни области, но тие сè уште не се спроведуваат доследно. Овие изминати години, работите во Македонија не се движеа во потребната насока и токму затоа во практиката многу често произлегуваат прашања во врска со расудувањето на Договорот и неговата реална имплементација. Истото се случува и со имплементација на албанскиот јазик и неговата употреба во: комуникацијата, публикациите и институциите во општествено-политичкиот живот и во практиката[57]. Иако како општвество се имаме соочено со новата реалност и со решеноста да се почитува ОРД, во овие две декади од неговото постоење, дискутабилно е дали успешно се вградени неговиот оригинален дух и основната нишка поради која е донесен. Во оваа смисла може да се зборува за три ситуации:

**Прво,** техничката реализација на ОРД е завршена бидејќи законите се донесени со соодветни документи.

**Второ**, конкретното спроведување на ОРД не е постигнато поради манипулации, толкувања и ретерирање на власта.

**Трето,** имплементацијата на ОРД е целосна, но е со многу недостатоци, слабости и пречки[58].

Во Договорот се наведени уставните измени и правните реформи со одреден степен на деталност, но беше дадена флексибилност при дефинирањето на деталите. Со ова беше обезбедена институционализација на реформата, но, во исто време, резултира со задоцнувања во имплементацијата на реформите наведени во Договорот[59].

---

[57] Десет години од Охридскиот рамковен договор: Дали Македонија функционира како мултиетничка држава? (n.d.). https://www.seeu.edu.mk/files/research/projects/OFA_MK_Final.pdf, стр. 222.
[58] Ibid, стр. 223.
[59] Биебер.Ф. (2008). *Поделба на власта и спроведување на Охридскиот рамковен договор*. Фондација Фридрих Еберт Канцеларија Скопје, стр. 24.

И дваесет години подоцна, Албанците во Македонија покажуваат дека немаат сила да излезат накрај со виталните проблеми, како што е употребата на албанскиот јазик во комуникацијата со институциите во земјата. Македонската политичка елита покажува супериорност пред инфериорноста на Албанците што учествуваат во централната власт.

Она со што сите мора да се согласиме е дека ОРД не е мит, туку треба да остане во заедничко историско паметење бидејќи неговата содржина е вградена во законите, кои не се реализираат со предвидената динамика. Во овие години колку што е актуелен ОРД, автори и научници имаат различни пристапи и начини поврзани со функцијата, содржината, имплементацијата и оправдувањето на овој договор.

Низ дебатите многу често со право се поставува прашањето зошто во ОРД е истакната улогата на албанскиот јазик како службен јазик. За ова постои одговор и две причини.

Прво, мајчиниот јазик (албанскиот за Албанците) е основен столб за правото на развој. Преку мајчиниот јазик се развиваат јазикот, културата, традицијата, фолклорот, верата, граѓанските права, колективните и индивидуалните права.

Второ, во однос на културниот идентитет, јазикот се смета за „прв меѓу првите“ (прима интер парес) за постоење бидејќи преку јазикот се обезбедуваат развој, еманципација, пораст и едукација на поединецот, народот и општеството.

Рамковниот договор внесе значајни измени во Уставот и во политичкиот систем на Македонија. Преамбулата на Уставот и уставните амандмани што произлегоа од текстот на Договорот сочинуваат измена на приближно 12 % од текстот на Уставот. Импликациите од неговото спроведување влијаат врз целиот општествен и политички живот во земјата. Сепак, ставовите на експертите, на политичките лидери и на граѓаните варираат во спектарот од целосна негација на Договорот и повици за негово поништување, па сè до прославување на Договорот како камен темелник на стабилизацијата и на демократската иднина на земјата. Рамковниот договор, попримајќи ги атрибутите на легитимност и легалност, внесе суштински измени во политичкиот систем на земјата.

Како што е наведено и погоре, со уставните амандмани се донесе нова Преамбула на Уставот. Се изменија и/или надополнија членовите на Уставот што се однесуваа на службениот јазик, темелните вредности на уставниот поредок, на верските заедници и локалната самоуправа. Со амандманите се избриша поимот „националности“ и се внесоа

„заедниците“ како уставна категорија. Значајно е да се напомне дека меѓу темелните вредности на Уставот се воведе и принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и во другите јавни институции на сите нивоа. Беше воведен т. н. „Бадинтеров принцип“ при одлучувањето за прашања што ги засегаат интересите на заедниците. Изборот на Народниот правобранител, тројца судии на Уставниот суд и членови на Републичкиот судски совет беше збогатен со потребата кандидатите за носителите на овие функции да уживаат поддршка од мнозинство гласови од вкупниот број пратеници штопripаѓаат на заедниците, додека претседателот на Републиката беше задолжен при именувањето на тројца членови на Советот за безбедност да обезбеди составот на Советот правично да го одразува составот на населението во Македонија. Поранешниот Совет за меѓунационални односи беше преименуван во Комитет за односи меѓу заедниците, кој се здоби со многу проширена надлежност. Врз основа на Рамковниот договор беа донесени нови Закон за локална самоуправа и Закон за финансирање на локалната самоуправа, беа прекроени општинските граници, беше изменет начинот на поставување началници на МВР, се донесе Закон за Народен правобранител, се воведоа закони за државните службеници и за јавната администрација, за изборните единици, за употребата на јазиците итн.

Сите погореспоменати закони беа донесени, што значи дека формално правно се имплементирани, но прашањето за дискусија е колку тие се почитуваат во практиката и во секојдневниот живот. Со овие чекори Рамковниот договор ја исполни својата краткорочна цел – прекин на воените дејства, но дали ја исполни и својата долгорочна цел? Всушност, доста често се поставува прашањето: дали Рамковниот договор имаше долгорочна цел? Дали можеби Рамковниот договор беше замислен како краткорочно решение со цел да се смират страстите за потоа во мирни услови и со ладни глави да се донесат долготрајни уставни и системски решенија?

Постохридска Македонија претрпе значителни промени, но не е вистински трансформирана. Парадигмата на „мир и демократија“ ефективно стана „мир или демократија“ бидејќи етнополитичкото пазарење ги поткопува демократските принципи. Додека ОРД го намали насилството и ги институционализира етничките разлики, тој не успеа да поттикне вистинска либерална демократија. Критичарите тврдат дека Договорот се однесувал на намалувањето на насилството, но не и на неговото елиминирање, при што

меѓународните тврдења за решавање на конфликтот одразуваат премногу оптимистички наративи[60].

# ГЛАВА 3: СОДРЖИНА И НАПРЕДОК ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР ВО ДЕЛОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ИНТЕРКУЛТУРНИОТ ДИЈАЛОГ ОД 2001 ДО 2023 ГОДИНА

## 3.1 Одредби од Охридскиот рамковен договор што се однесуваат на образованието и интеркултурниот дијалог

Делот 6 од ОДР, или точката 6 од содржината на текстот на ОРД, е особено важен за оваа магистерска теза и е насловен „Образование и употреба на јазиците“. Токму затоа во оваа подглава подетално ќе се елаборираат аспектите од оваа точка со цел да се утврди главната интенција на иницијаторот на ОРД, а подоцна во текот на ова истражување да се оцени колку и до кој степен таа е постигната. Во точка 6 конкретно се дефинираат следниве аспекти[61:]

Точка 6.1. Во контекст на основното и на средното образование, предвидено е наставата да се одвива на мајчините јазици на учениците, додека унифицираните стандарди за академските програми да се применуваат низ целата територија на Македонија. Оваа одредба е значајна за запазување и за зачувување на културното и на јазичното наследство на различните заедници во Македонија. Изведувањето на наставата на мајчините јазици ги засилува идентитетските основи на учениците и способноста за развој на когнитивни вештини на мајчините јазици. Оваа мерка не само што ги подобрува образовните перформанси на учениците туку и креира погодни услови за интеркултурна разновидност во училишната средина.

---

[60] Vankovska, B, The role of the Ohrid framework agreement and the peace process in Macedonia, 2007, Stefano Bianchini et al (eds.), Regional Cooperation, Peace Enforcement, and the Role of the Treaties in the Balkans, p. 20.

[61] Министерство за локална самоуправа. Охридски рамковен договор. https://mls.gov.mk/images/laws/Ramkoven_dogovor.pdf

Точка 6.2. Се предвидува можност државата да обезбеди финансиска поддршка за високо образование на јазиците што ги зборуваат најмалку 20 % од населението во Македонија, во согласност со посебни договори и спогодби. Преку оваа одредба се поддржуваат заедниците што зборуваат мајчини јазици различни од македонскиот јазик, а се најмалку 20 % од населението, да имаат финансиска поддршка за високото образование. Таа им овозможува на учениците од тие заедници да добијат квалитетно високо образование на јазикот на нивниот избор, што значително ќе ги засили нивните кариерни можности и социјални перспективи.

Точка 6.3. При запишување нови студенти на државните универзитети, кои припаѓаат на заедници што не се мнозински во Македонија, ќе се применува принципот на позитивна дискриминација сè додека запишувањето правично не го одрази составот на населението во земјата. Оваа мерка е важна за намалување на социоекономските и на јазичните бариери при уписот во високото образование. Со примената на принципот на позитивна дискриминација, универзитетите ја рефлектираат реалната мултикултурална природа на општеството и ја поддржуваат инклузијата на маргинализираните заедници во образовниот процес.

Точка 6.4. Македонскиот јазик останува службен јазик низ целата РМ и во нејзините меѓународни односи.

Точка 6.5. Секој друг јазик што го зборуваат најмалку 20 % од населението исто така ќе биде службен јазик. Во органите на РМ, службен јазик различен од македонскиот може да се употребува во согласност со законот, како што е понатаму елаборирано во Анекс Б. Лицата што живеат во единици на локална самоуправа каде што најмалку 20 % од населението зборуваат службен јазик различен од македонскиот, можат да го употребуваат тој јазик за комуникација со регионалните канцеларии на централната влада, кои ќе одговорат на тој јазик, покрај македонскиот.

6.6. Во општините каде што одредена заедница сочинува најмалку 20 % од населението, јазикот на таа заедница ќе се употребува како службен јазик, покрај македонскиот. Локалните власти ќе одлучуваат демократски за употребата на јазиците на заедници што сочинуваат помалку од 20 % од населението во јавните тела. Одредбите што

ги прават службени јазиците што ги зборуваат најмалку 20 % од населението исто така да бидат службени на ниво на општини и во органите на централната влада, поддржуваат мултикултурна интеракција и комуникација. Ова креира околина што ги олеснува комуникацијата и учеството на сите граѓани во јавниот и во политичкиот живот.

6.7. Во кривични и во граѓански судски постапки на кое било ниво, обвинетото лице или која било страна ќе има право на превод на државен трошок на сите постапки, како и на документите, во согласност со соодветни документи на Советот на Европа.

6.8. Личните документи на граѓаните што зборуваат службен јазик различен од македонскиот ќе бидат издавани на тој јазик, покрај македонскиот јазик, во согласност со законот. Возможноста за превод на документи на јазици различни од македонскиот во судски и во административни постапки значително ги подобрува правните и социјалните услови за лицата од различни етнички заедници.

Точките во ОРД што се однесуваат на образованието и на интеркултурниот дијалог имаат клучна улога во постигнување на целите на договорот.

Во однос на образованието, точките 6.1 и 6.2 предвидуваат настава на мајчините јазици на немнозинските заедници и финансиска поддршка за високо образование на јазиците што ги зборуваат најмалку 20 % од населението. Овие мерки ја зајакнуваат културната и јазичната различност, притоа овозможувајќи квалитетно образование за сите заедници. Во исто време, точките 6.3 и 6.6 се фокусираат на промоција на интеркултурниот дијалог преку мерки за позитивна дискриминација при запишување студенти од немнозинските заедници и употреба на јазиците на локално ниво, што поттикнува мултикултурна интеракција и инклузија во општеството.

Гледано генерално, овие одредби насочени кон образованието и кон интеркултурниот дијалог во Македонија демонстрираат ангажман за креирање инклузивна и мултикултурна општествена околина. Со нивна правилна и правична имплементација се креираат услови за подобрена образовна средина и за почитување на културното множество, што е суштинско за поддршка на стабилна и демократска иднина на државата.

Воедно, предлозите наведени на крајот на ОРД во делот за култура, образование и употреба на јазиците покажуваат ангажман за зголемување на помошта од меѓународната заедница, вклучително и организацијата ОБСЕ, за поддршка на медиумите и за професионална обука за заедници што не се мнозинско население во Македонија. Посебно се нагласува зголемувањето на помошта за радио, ТВ и печатени медиуми на албански јазик и за мултиетничките медиуми, како и за програми за професионална обука за новинари и медиумски работници од различни заедници. Преку овие одредби се обезбедува:

1. Поддршка на медиумите: Зголемувањето на помошта за медиумите е клучно за зајакнување на медиумската сцена и за подобрување на информативната платформа за различните етнички заедници во Македонија. Ова не само што ќе ги подобри комуникациските можности на различните културни групи туку и ќе оспособи подобро разбирање и поддршка за културната разновидност во земјата.
2. Професионална обука за медиумски работници: Програмите за професионална обука се исто така многу важни за подобрување на стандардите на новинарство и медиумска етика меѓу различните етнички групи. Ова може значително да придонесе за повеќе објективност и прозрачност во извештајното известување и да ги зголеми капацитетите за меѓукултурна комуникација.
3. Имплементација на Рамковниот договор во високото образование: Финансирањето на високото обрзование на јазиците што ги зборуваат најмалку 20 % од населението во Македонија, во согласност со посебни договори и спогодби врз основа на Рамковниот договор, е важен чекор за обезбедување образовна можност за сите етнички групи. Оваа поддршка може да придонесе за зголемување на достапноста и на квалитетот на високото образование за сите студенти, без оглед на нивниот етнички и културен идентитет.

Севупно, овие предлози ги поставуваат основите за подобрување на интеркултурниот дијалог и за зајакнување на меѓуетничките односи преку поддршка на културната интеграција и на професионалниот развој на сите заедници. Имплементацијата на овие мерки би можела значително да придонесе за постапен напредок кон мултикултурна хармонија и кон инклузивен образовен систем во Македонија.

Но, главното прашање е дали претставниците на политичките субјекти во македонската власт имаат успеано во текот на сите овие 23 години да ги усогласат своите ставови и да ги применуваат позитивните аспекти на ОРД. Сè уште се актуелни дебати во однос на тоа дали договорот е потребно зло или напредок, како и како тој влијае врз немнозинските заедници во Македонија низ текот на годините. Притоа, се поставува прашањето дали водечките партии, кои се потпишаа на договорот, имаат волја и способност да го имплементираат ефикасно на политичката сцена и да ги решат различните предизвици што произлегуваат од него. Дискусии од типот дали мораше да биде потпишан ваков договор, што е постигнато со него или подобро речено – дали има ефекти од неговото потпишување, кој и зошто го слави потпишувањето на Рамковниот договор, за каква цел тој се користи во политичкото секојдневје во РМ и дали со него се маргинализирани другите етнички заедници, се актуелни и ден-денес.

Во издание на МЦМС, дваесетина стручњаци имаат истакнато дека:

„ОРД претставува стожер на меѓуетничките односи во РМ. Донесен во 2001 година, по краткотрајниот конфликт, кој ескалира како резултат на серија несогласувања меѓу двете најголеми етнички групи, неговата основна идеја беше прекин на насилниот начин на решавање на проблемите и воспоставување рамка во која би се артикулирале различните политички, етнички и во крајна линија, граѓански визии за развој на демократско општество целосно интегрирано во евроатлантската заедница. Оттаму, Охридскиот договор не е цел сам за себе, туку тој е основата за изградба на мир и на хармонија во заедницата. – ОРД 2001-2011- студии на случај.“[62]

Во суштина, Албанците се оние што го слават денот на потпишување на овој договор, а Македонците се обидуваат да го заборават.

Радио Слободна Европа, известувајќи од дебатата по повод една од годишнините од донесувањето на Рамковниот договор, која ја организираше Секретаријатот за имплементација на Рамковниот договор при Владата, се обиде да стави акцент на една од неговите подзаборавени цели, а тоа е отворање на патот кон ЕУ и кон НАТО преку

---

[62] Truthmeter. (2014, август 25). *Третманот на Охридскиот рамковен договор во медиумите*. Truthmeter. https://vistinomer.mk/tretmanot-na-ohridskiot-ramkoven-dogovor-vo-mediumite-3/.

создавање едно функционално мултикултурно, но, на крајот и пред сè, граѓанско општество[63].

Притоа, се потенцира дека:

„Прашањата што по 13 години, очигледно сè повеќе се наметнуваат и ја оставаат дилемата неразрешена се поделбите во самиот поглед врз договорот како придобивка или нужно зло и прашањето на квантитетот наспроти квалитетот на имплементацијата или што е позначајно за постигнувањето на крајната цел.“[64] Ова се прашања што сè уште ја мачат јавноста и ден-денес, 23 години по потпишувањето на ОРД. Одговорите на сите овие прашања имаат цел да обезбедат длабинско разбирање за влијанието на ОРД во сите аспекти на неговата имплементација, како и да ги истражат ефективноста и предизвиците во неговата имплементација.

## 3.2 Напредок во имплементацијата на Охридскиот рамковен договор во делот на високото образование и интеркултурниот дијалог од 2001 до 2023 година

ОРД означи нов почеток во областа на образованието, интеркултурниот дијалог и употребата на јазиците во Македонија. Потпишан во 2001 година, како што е веќе истакнато, тој имаше значително влијание врз образованието воопшто, а особено врз високото образование и интеркултурниот дијалог во Македонија. Овој важен документ имаше цел да промовира мир и стабилност преку решавање на етничките тензии и обезбедување еднаква застапеност на сите етнички заедници во земјата и во секојдневното општество на нашата земја.

Во однос на образованието и интеркултурниот дијалог, имплементацијата на ОРД од 2001 година до денес покажува значителен напредок во различни аспекти. Клучни и особено битни се неколку моменти во фазата на имплементацијата од 2001 до 2023 година, и тоа:

ОРД ја воведе децентрализацијата како клучна мерка за зголемување на локалната самоуправа и за учество на немнозинските заедници во донесувањето одлуки. Овие мерки

[63] Ibid.
[64] Ibid.

несомнено придонесоа за зголемување на интеркултурниот дијалог меѓу ентикумите во Македонија. Во оваа насока, законите за употреба на јазиците се ревидирани, со што се овозможува албанскиот јазик да се користи како втор службен јазик во областите каде што албанската заедница сочинува најмалку 20 % од населението[65].

Во областа на високото образование, во согласност со одредбите од ОРД, државата започна со финансирање универзитети што нудат настава на албански јазик, како што е Универзитетот во Тетово. На 17 јули 2003 година, владата го смени Законот за образование и му дозволи на етничко албанскиот тетовски универзитет да работи на законска основа. Признавањето на универзитетот на албански јазик во Тетово во 2003 година, кој илегално постоеше уште од 1994 година, значеше и напуштање на претходната политика на заедничко високо образование, отелотворена со создавањето на тријазичниот (албански, македонски, англиски јазик) Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово во 2001 година[66]. Овој потег е одлучувачки чекор кон ставање крај на ќор-сокакот што стана едно од најразделувачките прашања во македонската политика. Образованието е извор на значителна тензија меѓу етничко македонското мнозинство и албанското немнозинско население во земјата. Признавањето на тетовскиот универзитет беше клучно барање во судирите меѓу етничките албански бунтовнички сили и македонската влада. Според законот, албанскиот јазик, се издигнува на ниво на службена употреба во високообразовните институции, а истовремено Универзитетот ќе го ужива правото на средства од државниот буџет на ист начин како и Универзитетот во Скопје и тој во Битола[67]. Оваа мерка има цел да ги интегрира и да ги поддржи студентите од заедниците што не се мнозинство на населението во земјата и да го подобри нивниот пристап до високо образование.

Како резултат на спроведувањето на ОРД, се донесоа и многубројни измени во законодавството за образованието, во делот што се однесува на правото на заедниците да следат настава на мајчин јазик. Овие измени се донесоа како резултат на уставните измени, кои беа усвоени на 17 ноември 2001 година, и потребата да се спроведе приспособување на

---

[65] Peace Accords Matrix. (n.d.). Ohrid Agreement. https://peaceaccords.nd.edu/accord/ohrid-agreement

[66] Биебер. Ф. (2008). Поделба на власта и спроведување на Охридскиот рамковен договор. Фондација Фридрих Еберт Канцеларија Скопје. стр. 54.

[67] Peace Accords Matrix. (n.d.). Ohrid Agreement. https://peaceaccords.nd.edu/accord/ohrid-agreement

законодавството, во согласност со Рамковниот договор. Измените во Законот за основното образование, Законот за средното образование, Законот за високото образование, како и основањето на Државниот универзитет во Тетово, го најавија периодот на измени во образовното законодавство во периодот по спроведувањето на Рамковниот договор.

Членот 144 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/21 и 58/24) најопширно го објаснува правото на заедниците да ја следат наставата на својот мајчин јазик:

„(1) Наставата во високообразовните установи се изведува на македонски јазик.

(2) Припадниците на заедниците, заради изразување, негување и развивање на својот идентитет и другите особености, имаат право наставата во јавните високообразовни установи, по соодветни студиски програми и содржини, да ја изведуваат на јазикот на заедницата, различен од македонскиот јазик, во согласност со овој Закон и статутот на високообразовната установа. Финансирање од страна на државата ќе се обезбеди за високото образование и на јазикот на којшто зборуваат најмалку 20 % од населението во Република Македонија.

(3) Наставата на јавните педагошки високообразовни установи за образование на воспитувачи за предучилишно воспитание и наставници за основно образование, како и по дидактичко-методичките предмети за наставници за средно образование, може да се одвива и на јазиците на припадниците на другите заедници што не се мнозинство во Република Македонија.

(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, наставата на високообразовните установи може да се изведува на некој од светските јазици.

(5) Наставата на приватните високообразовни установи може да се изведува и на јазиците на припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија или на светските јазици.

(6) Кога наставата се изведува на јазиците на припадниците на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија или на светските јазици, во согласност со со ставовите (2), (3) и (4) на овој член, македонскиот јазик се изучува како посебен наставен

предмет и наставата се изведува на македонски јазик најмалку за уште два наставни предмети од студиската програма.

(7) На универзитетот наставата за најмалку две студиски програми за прв циклус академски студии и најмалку две студиски програми за втор циклус академски и стручни студии задолжително се изведува и се полага на англиски јазик.“

Врз основа на сегашната институционална поставеност, студентите од албанската немнозинска заедница во Македонија имаат можност да посетуваат кој било од државните универзитети во кои наставата се изведува на македонски јазик, како на пример Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола и други високообразовни институции во Македонија. Тие, исто така, можат да се одлучат и за Државниот универзитет во Тетово, во кој наставата се изведува на албански јазик, или за Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, во кој наставата се изведува на албански, македонски и англиски јазик. Усвојувањето на Законот за основање на државен универзитет во Тетово создаде нормативни и правни предуслови за зголемен пристап во високото образование од страна на немнозинските заедници, како што се албанската и другите заедници.

Во високото образование, односно на Државниот универзитет во Тетово (ДУТ) и на Универзитетот на Југоисточна Европа (УЈИЕ), албанскиот јазик се употребува според член 144 на Законот за високото образование. Ова подразбира дека на ДУТ:

- наставата и предавањата се одржуваат на албански јазик;

- два наставни предмета од наставниот план се одржуваат на македонски јазик;

- целата документација е напишана на македонски јазик и кирилско писмо и на албански јазик, и се пополнува и се дава на два јазика, на македонски и на албански јазик (диплома, уверение, потврда итн.);

- матичната книга се води на македонски и на албански јазик;

- индексот е напишан на два јазика, а се пополнува само на јазикот на студентот;

- целата комуникација со државните институции се врши на македонски јазик.

На УЈИЕ јазикот се употребува слично како на ДУТ, врз основа на член 144 од Законот за високото образование, и тоа:

- наставата и предавањата се одржуваат на албански јазик и на странски јазик, во зависност од предавачот;

- документацијата е напишана на три јазици: албански, македонски и англиски, а се пополнува на јазикот на студентот;

- документацијата се води и се дава на албански јазик;

- комуникацијата со државните институции се води на македонски јазик;

- матичната книга се води на мајчин јазик;

- администрацијата во врска со испитите се води на јазикот на студентот или на предавачот што одржува настава;

- два предмета се одржуваат на македонски јазик;

- дипломата се пишува и дава на три јазици: албански, македонски и англиски јазик[68].

Статистички гледано, според споредбените податоци со кои располагавме за време на изготвување на оваа теза, од МОН покажуваат зголемување на учеството на албанската заедница во високото образование во последните 12 години. Во учебната 1992/93 година, од вкупно запишани 26 299 студенти на универзитетите во Македонија, албанските студенти сочинувале 2,23 %. Во согласност со статистиките, поинаква е ситуацијата во учебната 2004/2005 година. Во истата година, од вкупно 61 556 запишани студенти, албанските студенти учествувале со 15,50 % од вкупниот број студенти[69], што де факто докажува дека овие законски измени вродиле со плод во однос на полесен пристап до високообразовните институции на припадниците на немнозинските заедници.

---

[68] Поделба на власта и спроведување на Охридскиот рамковен договор, Фондација Фридрих Еберт Канцеларија Скопје, Скопје, 2008, стр. 237-239.

[69] Образовна сегрегација на етничките заедници во Македонија – неодржлива политика која сериозно ги попречува напорите за интеграција, Поделба на власта и спроведување на Охридскиот рамковен договор, Фондација Фридрих Еберт Канцеларија Скопје, Скопје, 2008, стр. 258.

Системот на високо образование во Македонија се разликува од оној за основно и средно образование и, најверојатно, е единственото место каде што постојат одреден број допирни точки меѓу студентите од двете најбројни етнички заедници. Неодамнешното основање на приватните универзитети и зголемената конкурентност во високообразовните установи создадоа можност за поголема интеракција меѓу заедниците на универзитетско ниво.

ОРД несомнено предвидуваше зголемена застапеност на заедниците што не се мнозинство на населението во Македонија во јавните институции, вклучително и на универзитетите. Ова доведе до политики чија цел е зголемување на запишувањето на етничките Албанци и други немнозински заедници во високото образование. Воведувањето квоти овозможи етничките заедници, кои претходно беа недоволно застапени на македонските универзитети, сега да имаат поголем пристап до високото образование[70].

За да се поттикне интеркултурното разбирање, ОРД ги охрабри реформите на наставните програми што вклучуваат содржини за историјата и за културата на сите етнички групи во Македонија. Ова помогна да се создаде поинклузивна образовна средина и да се промовира меѓусебно почитување и разбирање меѓу студентите од различни етнички потекла[71].

Универзитетите во Македонија станаа центри за интеркултурен дијалог, организирајќи настани, семинари и работилници што ги собираат студентите од различни етнички потекла за да дискутираат за прашања од заеднички интерес и да учат за културите на едни со други. Овие иницијативи беа од клучно значење за разградување на стереотипите и за градење мостови меѓу заедниците[72].

ОРД доведе и до создавање стипендијални програми специјално наменети за студенти од немнозинските заедници. Овие стипендии го направија високото образование

[70] Близнаковски, Ј. (2015). Реформи во високото образование во Македонија: Прогрес и предизвици по Охридскиот рамковен договор. Journal of Ethnic Studies, 28(3).
[71] Сулејмани, Ф. (2017). Јазична политика и високо образование: Случајот на Државниот универзитет во Тетово. Balkan Studies Review, 22(1).
[72] Марковска, Л. (2016). Реформи на наставните програми по Охридскиот рамковен договор: Промоција на интеркултурното разбирање. *Macedonian Education Journal*, 11(2).

подостапно за оние што можеби немаа финансиски средства за да го продолжат, поттикнувајќи образовна еднаквост и социјална мобилност[73].

Присуството на поразновидно студентско тело имаше позитивно влијание врз меѓуетничките односи во универзитетите. Студентите од различни етнички потекла, кои се дружат во академски и социјални средини, придонесоа за покохезивна и похармонична универзитетска средина[74].

И покрај овој напредок, имплементацијата на ОРД во високото образование не помина без предизвици. Имаше критики во врска со квалитетот на образованието во институции како Државниот универзитет во Тетово и загриженост за сегрегацијата на студентите врз основа на етничка припадност. Решавањето на овие прашања останува клучно за понатамошниот успех на образовните одредби на ОРД.

ОРД влијаеше и врз програмите за обучување на наставниците, со фокус на подготвување на наставниците за предавање во повеќејазични и мултикултурни средини. Воведени се иницијативи за професионален развој за да ги опремат наставниците со вештини потребни за управување со различни училници и за промовирање инклузивна образовна атмосфера[75].

Управувачките структури во универзитетите беа реформирани за да се обезбеди подобра застапеност на етничките немнозински заедници. Ова вклучува именување претставници од немнозинските заедници во универзитетските тела за одлучување, што помогна да се адресираат специфичните потреби и загрижености на студентите што припаѓаат на заедниците што не се мнозинство на населението на Македонија и персоналот што припаѓа таму[76].

---

[73] Национален фонд за стипендии. (2020). Стипендијални програми за студенти од малцинските заедници во Македонија: Преглед. Education Equity Report.

[74] Димитров, С. (2018). Меѓуетнички односи во македонските универзитети: Емпириска студија. Journal of Balkan Sociology, 19(4).

[75] Министерство за образование и наука на Македонија. (2019). Обучување на наставници и мултикултурно образование. Official Government Report.

[76] Агенција за остварување на правата на заедниците. (2021). Реформи во управувањето во високото образование во Македонија: Пост-Охридски развој. *ACRR Annual Report*.

Со текот на годините, ОРД придонесе за поинклузивен и поеднаков систем на високо образование во Македонија. Промовирајќи интеркултурен дијалог и разбирање, тој помогна да се постави основата за поинтегрирано и похармонично општество. Сепак, потребни се континуирани напори за да се адресираат тековните предизвици и да се осигури дека принципите на ОРД се целосно реализирани во практиката.

Во овој контекст, значајно е да се нагласат вистинската цел и улога на Договорот, како и на уставните измени што произлегуваат од него. Честопати се вели дека уставните измени се усвоија со цел да се задоволат правата на албанското население. Несомнено, со Договорот се зајакнуваат севкупните права на заедниците што не се мнозинство, особено на втората по бројност најголема заедница во Македонија, т.е. албанската. Но, всушност, со Договорот се начнува прашањето на самото учество на заедниците во политичкиот живот и поделбата на власта, општествениот живот, образовниот итн.

Од 2001 година, основното и средното образование исто така се значително трансформирани. Наставата сега се изведува на мајчините јазици на учениците, што ги зголеми инклузивноста и културната разноликост во училишните програми.

Во медиумската сфера, со помош на меѓународната заедница, се зголеми бројот на радио и телевизиски програми на албански јазик. Ова помогна во промовирање на културниот дијалог и во подобрување на меѓуетничките односи.

Меѓународната заедница обезбеди поддршка за професионална обука на медиумските работници, особено за оние што доаѓаат од заедниците што не претставуваат мнозинско население. Овие иницијативи имаа цел да го подобрат квалитетот на новинарството и да промовираат објективно информирање.

Прегледот на имплементацијата на ОРД од страна на Европскиот институт за мир и ОБСЕ, спроведен во 2015 година, идентификува важни достигнувања, но и преостанати предизвици. Социјалната кохезија и понатаму останува клучен аспект во процесот на интеграција на различните етнички заедници во Македонија. Иако де јуре може да се истакне дека законите се донесени, правилата технички и на хартија постојат, а останува прашањето дали навистина е постигната целта на ОРД, односно дали ОРД придонесе за соживот, интеркултурна размена и почитување на етничките заедници, или пак само придонесе за зголемување на дистанцата и постојната сегрегација во општеството.

Во оваа насока можеме да констатираме дека и покрај напредокот, постојат и предизвици. Некои од нив вклучуваат недоволно спроведување на одредени мерки и потреба од дополнителни реформи за целосно интегрирање на заедниците и за обезбедување еднаквост во пристапот до образовните и културните ресурси.

Во иднина, потребно е продолжување на напорите за подобрување на образованието и на културата, со акцент на инклузивност и одржување на меѓуетничкиот дијалог. Дополнителните реформи и континуираната поддршка од меѓународната заедница ќе бидат клучни за успешно спроведување на целите на ОРД.

Овие аспекти покажуваат дека напредокот во имплементацијата на ОРД е значителен, но сè уште постојат области каде што е потребна дополнителна работа за целосно остварување на целите на договорот и за подобрување на меѓуетничките односи и на социјалната кохезија во Македонија.

### 3.3 Извештаи на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија во делот на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор, особено во делот на високото образование и интеркултурниот дијалог

Извештаите на ЕК за напредокот на РСМ редовно ја евалуираат имплементацијата на ОРД. Во тие извештаи, низ текот на годините, ЕК редовно дава свое гледиште и во однос на имплементацијата на ОРД во контекст на високото образование и интеркултурниот дијалог. Овие извештаи претставуваат важни и значајни документи за оцена на напредокот на земјата во делот на интеграција на немнозинските заедници во општеството и унапредување на мултикултурното општество генерално.

Во извештаите од периодот 2001-2005 година, ЕК констатира дека ОРД е генерално имплементиран и дека РМ направила значајни чекори кон правичната застапеност на заедниците што не се мнозинство во населението на земјата. Покрај тоа, во овие извештаи се истакнува важноста на високото образование како еден од клучните аспекти на договорот бидејќи образовните политики значително придонесуваат за зголемување на меѓуетничката соработка и за подобрување на општествената кохезија.

Имено, по потпишувањето на ОРД во 2001 година, извештаите на ЕК за периодот 2001-2005 година во континуитет ги поздравуваат првите чекори на Македонија кон имплементација на договорот. Извештаите забележуваат дека во овој период започнуваат реформите во образовниот сектор, вклучително и потребата за правична застапеност на немнозинските заедници во високото образование. Исто така, овие извештаи истакнуваат дека е потребно зголемено внимание кон унапредувањето на интеркултурниот дијалог, со препорака за воведување активности што ќе ги поддржат меѓуетничкото разбирање и соработка[77].

ЕК ова го потврдува и во извештаите од 2006 година наваму, каде што се акцентира дека се потребни зголемено институционално внимание и поддршка за овие активности, особено во рамките на високообразовните институции. Се препорачува унапредување на програмите за интеркултурен дијалог и создавање средина што ќе ги поддржи младите да ги разберат и да ги прифатат културните различности, што е основа за одржливост на договорот и за стабилност на земјата[78].

Во овој период, ЕК во своите извештаи го забележува напредокот на Македонија во спроведувањето на законодавните промени што се поврзани со образовните политики и мултикултурното општество. Во извештаите се истакнуваат напорите на земјата за промовирање на правичната застапеност во високото образование и за зајакнување на интеркултурниот дијалог преку различни проекти и активности. Комисијата препорачува континуирана поддршка за програмите што ќе го унапредат меѓуетничкото разбирање, како и потреба од институционално зајакнување на процесот на интеграција. Извештаите од ЕК, исто така, посочуваат на потребата од зголемување на учеството на немнозинските заедници во образовниот систем на Македонија. Се препорачува имплементација на стратегии и мерки што ќе ги охрабрат студентите од сите заедници да се запишуваат во високообразовните институции и да имаат пристап до соодветно образование. Секторот за

[77] Собрание на Република Македонија. (2003, март 26). Втор извештај на Европската комисија. Собрание на Република Македонија. Преземено од https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/Vtor_izvestaj_na_Evropskata_Komisija%2026.03.03.PDF

[78] Собрание на Република Македонија. (2006). Извештај за напредок на Република Македонија. Собрание на Република Македонија. Преземено од https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/Izvestaj%20za%20napredok%20na%20%20RM%202006.PDF

спроведување на ОРД прераснува во Секретаријат во 2007 година, а ОРД останува најважна гаранција за правата на немнозинските заедници во Македонија. Во извештајот од 2007 година е забележано дека е постигнат понатамошен напредок во спроведувањето на ОРД, на пример, во однос на правичната застапеност, на локалната самоуправа и употребата на јазиците[79].

Иако во извештаите е забележан напредок, ЕК сугерира дека процесот на имплементација на мерките предвидени со ОРД во контекст на високото образование и интеркултурниот дијалог не се одвива секогаш со посакуваната брзина. Тие нагласуваат дека се неопходни посилна посветеност и континуирана поддршка од националните институции за спроведување на договорот. Направени се напори, во однос на унапредување на правата на немнозинските заедници, како на пример: обраќањето на премиерот Груевски во 2008 година пред студентите на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, одобрувањето да се подигне статуа на Скендербег во Скопје и Законот за државни празници, каде што се признаваат различни етнички и верски празници. Дијалогот и градењето на довербата меѓу заедниците напредува, но доста бавно, се вели во извештајот од 2007 година[80].

Општо земено, ЕК ги признава напорите на Македонија да ги подобри меѓуетничките односи преку унапредување на образованието и интеркултурниот дијалог, но истовремено во континуитет ја повикува земјата да продолжи со конкретни активности и да ја зајакне примената на реформите, особено во рамките на високото образование.

Понатаму, извештаите од периодот 2011-2015 година нотираат дека имплементацијата на ОРД, иако постигната до одредено ниво, бара дополнителни активности за поголема ефективност. ЕК забележува дека институциите во земјата работат на обезбедување правична застапеност, но исто така истакнува и дека се потребни зголемени напори за конкретни активности што ќе го поддржат интеркултурниот дијалог. Комисијата препорачува поголема посветеност на образовните институции и зголемена

---

[79] Собрание на Република Македонија. (2007). Прогрес извештај за Република Македонија. Собрание на Република Македонија. Преземено од https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/progress_report_mk%202007%2006.11.2007.pdf
[80] Ibid.

поддршка од националните власти за спроведување на мерките што произлегуваат од договорот.

Воедно, во извештајот за напредок на РМ за 2012 година се истакнува дека МОН го поддржа пристапот до образование на заедниците, на пример преку изготвување соодветни учебници. Пристапот до образование на јазиците на помалите заедници останува нееднаков како резултат на ограничениот број квалификувани наставници и наставни материјали. Во истиот извештај од 2012 година, во однос на Стратегијата за интегрирано образование на МОН, се истакнува дека донаторите финансирале одредени активности, но не бил распределен државен буџет за спроведување на Стратегијата. Сегрегацијата во училиштата по етничка и по јазична линија останува широко распространета. „Постојат повторливи случаи на меѓуетничко насилство во училиштата за средно образование“[81], се вели во тој извештај.

Истото ова се повторува и во извештајот на ЕК за 2013 година, каде што е истакнато дека е потребно да се алоцираат државни средства за спроведување на Стратегијата за интегрирано образование. Во овој извештај исто така констатирано е дека се продолжува тенденцијата на раздвојување по етнички линии во училиштата, како и инциденти со меѓуетничко насилство[82].

Во извештајот од 2014 година се истакнува дека главните приоритети на ОРД продолжуваат да обезбедуваат основа за односите меѓу заедниците. Констатирано е дека постои простор за подобрување во областа на недискриминацијата, правичната застапеност, како и употребата на јазиците и образованието. Воедно, наведено е дека Законот за употреба на јазиците и Законот за употреба на знамињата на заедниците сè уште не се спроведуваат соодветно. Локалните комисии за односи меѓу заедниците страдаат од недостиг на средства. Во овој извештај се нагласува и дека Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор и Генералниот секретаријат при Владата на РСМ продолжиле со вработување државни службеници од немнозинските заедници, но без да се прецизираат и да се дефинираат работните места или опис на работни места, често на сметка на начелото на

[81] Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 10.10.2013.
[82] Извештај за напредокот на Република Македонија за 2013 година 17.10.2013

заслуги. Во овој извештај исто така е утврдено дека во 2013 година, вкупното учество на државните службеници од немнозинските заедници се зголемило малку и достигнало 19%, но и дека мерките за адресирање на недоволната застапеност на помалите заедници, како Ромите, Турците, Власи и други, остануваат несоодветни. Наведено е дека за ефикасно спроведување на Стратегијата за интегрирано образование неопходни се зголемена политичка поддршка и средства од државата[83].

Во извештајот за 2015 година се нагласува пак — Во однос на заштита на малцинствата и културните права, ОРД и понатаму обезбедува основа за односи меѓу заедниците. Агенцијата за заштита на малцинствата што претставуваат помалку од 20 % од населението сè уште се бори со несоодветен мандат, недоволно буџетски средства и недостиг на поддршка од надлежните институции. Управата за образование на јазиците на заедниците и Управата за унапредување на културата на припадниците на заедниците и понатаму не се соодветно финансирани и екипирани. Меѓуинституционалната соработка останува слаба. Системските мерки за да се обезбеди дека сите заедници може да ги остварат своите етнички, културни и јазични права остануваат во голема мера финансирани од донатори. Беше развиена настава на ромски, влашки и босански јазик во основните училишта, а ќе стапи во сила од 2016/17 година. Направена е ограничена употреба од новите политички мерки за унапредување на меѓуетничките односи според стратегијата за интегрирано образование. Мерките против поделба по етничка основа во училиштата не се доволни. Многу форми на дискриминација на немнозинските заедници и активности за борба против стереотипите, вклучително и медиумите, и понатаму се неефикасни, се вели во Извештајот на РМ за 2015 година[84].

Понатаму, во согласност со извештаите за напредокот на РМ во периодот 2016-2020 година, ЕК укажува на забавена имплементација на некои од мерките на ОРД. Извештаите нотираат дека иако се постигнати одредени резултати во високото образование и интеркултурниот дијалог, постојат области што бараат дополнителен ангажман. ЕК препорачува поголема вклученост на младите и зголемено вложување во активности што

---

[83] Извештај за напредокот на Република Македонија за 2014 година.
[84] Извештај за напредокот на Република Македонија за 2015 година.

промовираат меѓуетничко разбирање и соработка, особено во рамките на високообразовните институции.

На пример, во согласност со извештајот од 2018 година, воспоставена е севкупна рамка за заштита на немнозинските заедници. Иако ОРД од 2001 година и релевантните уставни амандмани ги воспоставуваат меѓуетничките односи, релевантните институции се слаби во спроведувањето на политиките за немнозинските заедници. Ова се должи на нејасниот мандат на институциите, отсуството на меѓуинституционална соработка, недостигот на ресурси и недостигот на политичка волја. Заедниците што не се мнозинство на населението на земјата и што застапуваат помалку од 20 % од населението не се доволно вклучени во главните процеси на креирање на политиките и на донесување одлуки на национално ниво. За нив и понатаму постојат стереотипи во медиумите и на интернет. Сѐ уште недостигаат системски мерки за решавање на одвоеноста по етничка линија, особено во образованието или кај младите, нешто што и понатаму влијае врз социјалната кохезија. Земјата треба да ги земе предвид препораките издадени од страна на Советодавниот комитет за рамковната конвенција за национални малцинства, се вели во извештајот од декември 2018 година[85].

Во согласност со извештајот на ЕК за 2019 година, во однос на заштитата на немнозинските заедници, тековно се работи на зајакнување на правната рамка за немнозинските заедници. Собранието го донело Законот за основање ново Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците. Ова Министерство треба да ги преземе функциите на Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор и на директоратите задолжени за прашањата на заедниците во рамките на МОН и на Министерството за култура. Ова ново министерство треба тесно да соработува со Агенцијата за остварување на правата на заедниците. Институциите задолжени за политиките поврзани со немнозинските заедници се политички и етнички поделени, со нејасни улоги, и останууваат надвор од главната политика и од процесот на одлучување. Поради отсуството на непристрасна и расчленета статистика, невозможно е да се потврди степенот на дискриминација со кој се соочуваат припадниците на немнозинскитте

[85] Извештај за Република Македонија за 2018 година.

заедници. Меѓутоа, властите и медиумите мора да обрнат внимание на овој проблем. Иако Владата покажува посветеност на интеграцијата на сите луѓе, вклучително и преку работата што е започната за изработка на стратегија под слоганот „Едно општество за сите“, останува уште многу да се направи за подобрување на социјалната кохезија. Не постои систем за следење на спроведувањето на препораките издадени од Советодавниот комитет на рамковната конвенција за национални малцинства, а постојните мерки, кои главно се финансирани од донатори, не се доволни, се вели во извештајот на напредокот на РМ за 2019 година[86].

Во најновите извештаи, од 2021 до 2023 година, ЕК го поздравува напредокот на Северна Македонија во делот на унапредувањето на образовните политики и создавањето услови за интеркултурен дијалог. Сепак, Комисијата нагласува дека се потребни засилено внимание за одржување на имплементацијата на ОРД и зголемување на ефективноста на мерките за правична застапеност. Препорачува континуирана институционална поддршка за промовирање на мултикултурноста и зајакнување на образовниот сектор со нови програми за поддршка на младите од сите етнички заедници.

Во согласност со извештајот од 2022 година, наведено е дека меѓуетничката ситуација остана мирна во целина. Комитетот за односи меѓу заедниците ги забрзал своите напори за подобрување на меѓуетничките односи со одржување редовни седници, и покрај пандемијата на КОВИД-19, и со спроведување меѓукултурни активности меѓу ученици од различни етнички заедници. ОРД од 2001 година, кој го негува мултиетничкиот карактер на општеството, продолжи да се спроведува[87].

Во извештајот за 2023 година исто така беше нотирано дека Агенцијата за остварување на правата на заедниците треба да добие доволно средства за понатамошно промовирање на заштитата на малцинствата и за спроведувањето на националната

[86] Извештај за Република Македонија за 2019 година.
[87] Извештај за Северна Македонија за 2022 година.

стратегија „Едно општество за сите и интеркултурализам“, што укажува на потреба од континуирани напори[88].

Како заклучок може да се наведе дека во периодот од 2001 до 2023 година, извештаите на ЕК укажуваат на значаен напредок во Северна Македонија во спроведувањето на ОРД. Од првичната имплементација на договорот, која ја следат правни и институционални реформи, па сè до денес, Европската комисија постојано ја поддржува земјата и истакнува дека интеркултурниот дијалог и високото образование се клучни за долгорочна стабилност и развој. Сепак, извештаите постојано укажуваат дека се потребни континуирана поддршка и зголемено внимание за да се постигнат целосна имплементација и одржливост на резултатите. Агенцијата за остварување на правата на заедниците треба да добие доволно средства за понатамошно промовирање на заштитата на малцинствата и за спроведување на националната стратегија „Едно општество за сите и интеркултурализам“.

### 3.4 Политики за високо образование и застапеност на заедниците што не се мнозинство во РСМ

Политиките за високо образование во РСМ, особено по потпишувањето на ОРД во 2001 година, претрпеа значителни промени насочени кон промоција на мултикултурализмот и обезбедување на правата на немнозинските заедници. Една од клучните промени беше воведувањето на можноста за образование на сите нивоа на мајчин јазик за припадниците на немнозинските заедници, со што се отворија вратите за поквалитетно и инклузивно образование.

Во оваа насока, политиките за високо образование имаа цел да овозможат еднаков пристап до високото образование за сите етнички заедници. Создавањето нови универзитети и факултети, како што е Државниот универзитет во Тетово или Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, е пример за тоа како се обезбедува образование на албански јазик, кое претходно беше ограничено. Ова претставуваше важен

[88] Европска комисија. (2023). Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2023 година. Европска комисија. Преземено од https://www.sobranie.mk/content/ЕУ/Izveshtaj%20EK%202023.pdf

чекор кон интеграција на албанската заедница во образовниот систем и во општеството во целина.

Воедно, политиките за високо образование беа дизајнирани да ги поттикнат дијалогот и соработката меѓу студентите од различни етнички заедници. Се спроведуваа активности за промоција на интеркултурниот дијалог преку заеднички образовни проекти, програми за размена на студенти и на професори, како и креирање наставни програми што вклучуваат содржини што ги промовираат заедничките вредности и мултикултурното живеење.

Генерално, може да се истакне дека високото образование во РСМ се карактеризира со историја, развој и значителни реформи во последните две децении. Најстарите државни универзитети, како што се Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, основан во 1949 година, и Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, основан во 1979 година, ги поставија основите за образовниот систем во државата. Со развојот на образованието, во периодот по 2000 година, односно периодот по потпишувањето на ОРД, основани се уште три државни универзитети: Државниот универзитет во Тетово (2004), Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (2007) и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" во Охрид (2009). Овој развој беше дополнет со основањето на првиот приватен универзитет, Универзитетот ФОН во 2002 година, по што следуваа значителен број приватни високообразовни институции[89].

Во последната деценија, РМ се соочи со значителни промени во високото образование, особено со новиот Закон за високо образование од 2008 година, кој предвиде трансформација на универзитетската структура од лабава асоцијација на правни субјекти во интегриран универзитет. Овие реформи, особено интеграцијата на Универзитетот во Скопје и Универзитетот во Битола во јануари 2009 година, доведоа до подобрување на организирањето и управувањето во високото образование[90].

Во текот на овој период, воведен е и нов тип јавно-приватна непрофитна високообразовна институција. Универзитетот на Југоисточна Европа, основан во Тетово во

---

[89] Vujacic, I., Djordjevic, S., Kovacevic, M., & Sunderic, I. (2013). Overview of higher education and research systems in the Western Balkans, Macedonia. © Ilija Vujacic, Snezana Djordjevic, Maja Kovacevic, Ivana Sunderic.
[90] Ibid.

2001 година, е добар пример за тоа затоа што е основан со финансиски придонеси од многубројни меѓународни донатори, како што се Европската комисија и УСАИД. Оваа институција, заедно со другите универзитети, ги поддржува напорите за зголемување на бројот на дипломирани студенти во земјата, како и за приближување на универзитетите до руралните области преку отворање единици за дисперзирани студии[91].

Последните дваесет години во Македонија се одбележани со значајни промени и експанзија во секторот на високото образование, што е резултат на потребите на општеството, законските рамки, како и на ОРД.

Во текот на овој период, Македонија сведочи на основање три нови јавни универзитети и голем број дисперзирани установи на постојните јавни универзитети во поголемите градови низ земјата. Оваа децентрализација овозможи поголем пристап до високото образование, односно им овозможи на студентите од различни региони да студираат поблизу до своите домови. Дополнително, појавата на 15 приватни универзитети дополнително ја диверзифицира образовната сцена, нудејќи поширок спектар на академски програми и опции за стручно образование[92].

Експанзијата на високообразовните институции исто така доведе до зголемување на разновидноста на академските програми. Оваа диверзификација е една од значајните последици на пошироките образовни реформи. Понатаму, воведувањето рамноправни школарини во јавните институции придонесе за поголема достапност на високото образование за студенти од различни социоекономски средини и разни етнички групи. Овие промени создадоа посовремен образовен амбиент, кој охрабрува учество на недоволно застапени заедници.

Клучен аспект на ОРД е промоцијата на мултилингвално образование на сите нивоа. Оваа политика е основна за адресирање на етничката разновидност во образовниот систем. Основањето на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово е пример за оваа посветеност со тоа што нуди настава на албански, македонски и англиски јазик. Наставниот и административниот кадар на универзитетот потекнува од различни етнички средини, што

[91] Ibid.
[92] Ibid.

не само што го обогатува академскиот амбиент туку и промовира меѓуетнички дијалог и соработка[93].

И покрај значителниот напредок, постојат предизвици во целосната имплементација на овие политики. Некои институции сè уште се соочуваат со проблеми при интеграцијата на студентите од различни заедници, додека социоекономските фактори, како и недоволната инфраструктура, создаваат бариери за пристап до квалитетно образование.

За да се зајакнат овие политики во иднина, потребно е:

1. подобрување на инфраструктурата на универзитетите и обезбедување услови за еднаков пристап до квалитетно образование за сите заедници;
2. поголема вклученост на професорски кадар од различни етнички заедници во високото образование;
3. промоција на програми што го поттикнуваат интеркултурниот дијалог и создавање образовни политики што го поддржуваат развојот на мултикултурното општество;
4. континуирана поддршка за студентите од немнозинските заедници, преку стипендии, обуки и програми за развој на професионалните вештини.

Со вакви мерки, високото образование може да продолжи да биде клучен механизам за градење интеркултурен дијалог и заеднички развој во РСМ.

Во резиме, изминатите дванаесет години донесоа значителен раст и трансформацијата на високото образование во Македонија, карактеризирани со експанзија на институции, зголемена разновидност на програми и посветеност на мултилингвално образование. Додека овие промени отвораат врати за многу студенти, решавањето на постојните предизвици ќе биде клучно за обезбедување одржлив и праведен систем на високо образование во иднина.

## 3.5 Мерки за промоција на интеркултурниот дијалог

[93] Ibid.

Македонија прогласи независност во 1991 година без вооружен конфликт, но внатрешни несогласувања поврзани со етничкиот плурализам и инклузијата на заедниците што не се мнозинство на населението постоеја и создадоа политички тензии. Барањата на албанската заедница, како што се поголеми права и инклузија, како што е веќе објаснето во оваа магистерска теза, кулминираа во вооружен конфликт десет години подоцна, нагласувајќи ја потребата, меѓу другото, и за подобрување на интеркултурниот дијалог.

Најдискутирани прашања за време на преговорите пред потпишувањето на ОРД беа признавањето на Албанците како конститутивна нација и поголеми јазични права, кои вклучуваат поширока употреба на албанскиот јазик во јавните институции и во универзитетското образование. Иако Уставот гарантираше употреба на јазиците на националностите, Албанците истакнуваа ограничувања во употребата на својот јазик во документите и во јавни институции. Албанската заедница инсистираше на настава на албански јазик на ниво на високото образование, а барањата се засилија по укинувањето на автономниот статус на Косово.

Партиите во Македонија се основаа по етнички и јазичен елемент, што придонесе јазикот да стане основно средство за политичка мобилизација. Албанската националност сметаше дека правата што ги уживаше според Уставот не беа доволни за животен раст, особено во однос на вработеноста во јавните институции и политичката партиципација.

ОРД, потпишан под покровителство на САД и на ЕУ, имаше цел да стави крај на конфликтот, како што е повеќе пати истакнато во тезата. Договорот ја истакна потребата од политички решенија што ќе го одразат мултиетничкиот карактер на Македонија и ќе ја зголемат инклузијата на националностите. ОРД нагласува зачувување и промоција на мултиетничкиот карактер на општеството, кое се дефинира како мултијазично и мултирелигиско.

Политиките спроведени врз основа на ОРД промовираа мултикултурализам на локално ниво преку формирање 32 општини со мешано етничко население од вкупно 84 општини, меѓу кои и Градот Скопје. Во овие општини, освен македонскиот, во службена

употреба се и јазиците на заедниците што претставуваат повеќе од 20 % од населението во соодветната општина[94].

На државно ниво, македонскиот јазик остана службен јазик, а албанскиот е службен јазик во 24 општини, меѓу кои 4 општини во Скопје. Турскиот, ромскиот и српскиот јазик исто така добија службен статус во одредени општини каде што нивните заедници се мнозинство. Ова е еден од механизмите преку кои се постигна јазична инклузија според ОРД[95].

Со промените на Уставот, терминот „националности" беше заменет со „граѓани", а сите етнички заедници беа признати како конститутивни елементи на државата. Оваа промена ги рефлектираше принципите на еднаквост и инклузија што ОРД ги промовираше, со цел да се спречи дискриминација по етничка основа.

Албанската заедница, иако има еднаков конститутивен статус со македонскиот народ според ОРД, не отскокнува значително во однос на помалите етнички заедници според бројноста. Со тоа, се обезбеди баланс меѓу мнозинството и немнозинските заедници, кои заеднички ја конституираат РМ.

Јазичното прашање е од клучно значење во мултикултурните општества, како што е и случајот во Македонија. Со воведувањето на албанскиот јазик како службен, според амандманот 5 од Уставот, се обезбеди еднаквост за заедницата што го зборува овој јазик, што е значајно бидејќи албанскиот е мајчин јазик на дел од населението. Оваа промена имаше директно влијание врз издавањето лични документи и врз употребата на албанскиот јазик во органите на државната власт, како и во високообразовните институции, како што е Универзитетот во Тетово.

Понатаму, принципот за соодветна и правична застапеност овозможи значително поголема партиципација на немнозинските заедници, не само во јавната сфера туку и во политичкото одлучување. Ова ги вклучува пропорционалниот изборен модел и употребата

[94] Галева, Ј. (2001). Мултикултурализмот и влијанието врз развојот (со осврт на македонското општество) [Multiculturalism and its influence on development (with a focus on Macedonian society)]. Прегледна научна статија [Review scientific article], 1.02, 982. UDK: 316.483:316.723-021.463(497.7).
[95] Ibid.

на Бадинтеровото правило при гласање за клучни прашања, што го зголеми влијанието на заедниците врз културните и врз јазичните права.

Стабилноста на мултикултурните општества, според Вилијамс и Штавенхаген, се остварува преку интеграција на јазичните политики во образованието и на пазарот на трудот. Во Македонија, ова се гледа преку мерките за подобрување на социјалната структура и обезбедување рамноправност за немнозинските заедници. Преку децентрализацијата и новата територијална организација, се овозможи создавање општини со мешан етнички состав, кои им овозможија на заедниците поголема самоуправа[96].

Сепак, и покрај овие реформи, постојат проблеми со формалното спроведување на принципот за соодветна застапеност бидејќи во некои случаи вработените од немнозинските заедници не се целосно интегрирани во работните процеси. Ова го намалува чувството на вистинска рамноправност и го ограничува ефектот на стабилност во земјата.

Позитивната дискриминација при уписите на универзитетите, како и воведувањето нови работни позиции преку употребата на службените јазици, придонесоа кон создавање човечки капитал и кон модернизација. Овие мерки се важни за долгорочната стабилност и за развој на државата бидејќи им обезбедуваат на припадниците на немнозинските заедници подобри можности за вработување и развој.

Во процесот на спроведување на ОРД, Македонија презеде важни чекори за промоција на интеркултурниот дијалог и за интеграција на различните етнички заедници во општеството. Една од клучните мерки беше воведувањето на албанскиот јазик како втор службен јазик, што овозможи поголема инклузија на албанската заедница во државните институции и во високото образование. Со ова се подобри јазичната и културната партиципација на албанското население, како и комуникацијата меѓу различните етнички групи во општините каде што албанскиот јазик е доминантен.

Дополнително, политичките механизми како Бадентеровото правило и пропорционалниот изборен модел создадоа праведна застапеност на немнозинските заедници во политичкиот процес. Ова им овозможи на претставниците на сите етнички заедници да учествуваат во креирањето на политиките што ги засегаат прашањата на

[96] Ibid. стр. 983.

културна и јазична различност, децентрализација и развој на локалната самоуправа. Ваквите мерки ги унапредија дијалогот и соработката меѓу различните заедници, но и создадоа платформа за активно учество на немнозинските заедници во донесувањето одлуки.

Сепак, и покрај овие постигнувања, постојат предизвици што нашата земја треба да ги адресира за понатамошно зајакнување на интеркултурниот дијалог. Една од најважните задачи за иднината е да се обезбеди поголема социјална кохезија преку подобрување на реалната примена на начелото за соодветна и правична застапеност. Иако на хартија ова начело постои, многу од вработувањата се формални, без вистинска интеграција на немнозинските заедници во работните процеси. Активната примена на оваа политика, особено во јавната администрација, е клучна за создавање реална рамноправност и стабилност.

Понатаму, образованието останува суштинска област за унапредување на интеркултурниот дијалог. Иако албанскиот јазик е официјализиран во високото образование, потребно е дополнително развивање на интеркултурни образовни програми што ќе поттикнат меѓусебно разбирање и почит меѓу учениците со различни етнички заднини. Ваквите програми може да се фокусираат на културната историја, традиции и вредности на различните заедници, со цел да се намалат предрасудите и да се зајакне соработката меѓу младите.

Во иднина, Северна Македонија може да го зајакне интеркултурниот дијалог преку инвестирање во културни проекти што ги промовираат различните етнички идентитети и култури на локално и на национално ниво. Организирањето заеднички културни настани, работилници и форуми, кои ќе вклучуваат претставници од различни заедници, ќе придонесе кон создавање заеднички вредности и ќе го зголеми чувството на припадност кон едно мултикултурно општество.

Значајна улога ќе имаат и медиумите, кои треба да промовираат позитивни примери на интеркултурен дијалог и соработка, со цел да се подигне свеста за значењето на културната разноликост како богатство за државата. Со спроведување на овие мерки, Северна Македонија ќе направи важен чекор кон зајакнување на интеркултурниот дијалог и кон создавање постабилно и поинклузивно општество.

Иако спроведувањето политики за промовирање на мултикултурализмот доведе до напредок, како зголемено учество на немнозинските заедници во јавниот сектор и во образованието, тој напредок не гарантира трајна стабилност на државата.

Последните политички настани, особено Платформата на албанските партии по изборите во 2016 година, покажуваат дека албанската заедница не е задоволна од спроведувањето на ОРД. Ова сугерира дека и по дваесетина години од договорот, прашањата за јазичната и конститутивната еднаквост не се целосно решени. Заклучокот е дека немнозинските заедници треба да ја промовираат својата културна и јазична различност во рамките на државата и во насока на развој на општеството без да се создаваат поделби и сепарација бидејќи тоа би довело само до влошување на економскиот и на социјалниот развој на државата[97].

Македонското општество е мултиетничко општество што се обидува да го дизајнира својот образовен систем во согласност со современите меѓународни тенденции. Овие обиди се во постојан судир со надворешните и со внатрешните предизвици што го одредуваат системот на образование и ги обликуваат неговиот иден развој и насоки. Образованието денес треба да служи за поддршка на две главни насоки: една заснована на глобалните вредности, која служи за развојна карактеристика за современиот свет (соработка, компатибилност, конкурентност, интеграција и сл.), и една вкоренета во националната култура и вредности, кои служат за решавање на домашните предизвици и развојни правци[98].

---

[97] Ibid. стр. 985-986.

[98] Georgieva, L; Velkovski, Z; Damovska, The Role Of Higher Education In Fostering Inter-Cultural Dialogue And Understanding In A Multiethnic Society- The Case Of The Republic Of Macedonia (2014) p.125-136, http://www.ijern.com/journal/2014/December-2014/12.pdf

# ГЛАВА 4: ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА СТЕПЕНОТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР И ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ИНТЕРКУЛТУРНИОТ ДИЈАЛОГ

## 4.1 Вовед во истражувањето

Имплементацијата на ОРД претставува пресвртница во градењето на меѓуетничкиот соживот, интеркултурниот дијалог и интеграцијата во РСМ. Овој договор го дефинира патот кон создавање правичен и инклузивен систем што обезбедува еднакви можности за сите етнички заедници. Во овој контекст, високото образование и интеркултурниот дијалог се клучни сегменти за зајакнување на меѓуетничките односи и за создавање одржливо општество. Истражувањето има цел да постави основна методска рамка за анализа на степенот на имплементација на ОРД во областа на високото образование и да го истражи неговото влијание врз промоцијата на интеркултурниот дијалог. Преку анализа на релевантни политики, институционални практики и перцепции на засегнатите страни, се настојува да се добие слика за ефективноста и за предизвиците во спроведувањето на ОРД.

ОРД е насочен кон обезбедување правична застапеност на немнозинските заедници, со акцент на застапеноста во јавните институции, меѓу кои се и високообразовните институции. Важен аспект на оваа имплементација е поттикнувањето култура на толеранција и дијалог, кои се основа за успешно мултиетничко општество. Високото образование игра централна улога во процесот на интеграција на различните немнозински заедници. Универзитетите не само што се центри на знаење туку се и места каде што студентите со различни заднини се среќаваат, учат и развиваат меѓусебно разбирање. Затоа, анализата на ОРД во овој контекст е од особена важност.

Интеркултурниот дијалог претставува средство за премостување на културните, на етничките и на јазичните разлики. Преку создавање платформи за комуникација и за интеракција, ОРД има цел да го унапреди дијалогот и да ги елиминира потенцијалните конфликтни точки во општеството. Историски гледано, ОРД произлезе како одговор на етничките тензии од почетокот на 2000-тите години. Овој договор го постави темелот за

системски реформи во различни области, меѓу кои и образованието, каде што се настојуваше да се отстранат дискриминаторските практики и да се обезбедат еднакви можности.

И покрај позитивните аспекти на ОРД, неговата имплементација се соочува со многубројни предизвици. Тука се вклучуваат институционални слабости, ограничените ресурси и различните интерпретации на одредбите од договорот. Овие фактори ја потенцираат потребата од детална анализа на неговото влијание. Ова истражување има цел не само да го оцени степенот на имплементација на ОРД туку и да го истражи неговото влијание врз квалитетот на високото образование и улогата на образовните институции во промоцијата на интеркултурниот дијалог.

Истражувањето користи квалитативни методи, како анализа на релевантна документација и литература, интервјуа со професори и клучни фактори во ова општество, како и испитување на практиките на институциите. Ова овозможува сеопфатен пристап кон разбирањето на реалните ефекти на ОРД.

Во рамките на истражувањето беа спроведени десетина интервјуа со релевантни соговорници што имаат директно или индиректно искуство со имплементацијата на ОРД. Интервјуата беа структурирани и содржеа десет прашања, фокусирани на различни аспекти од имплементацијата на ОРД, вклучително и неговото влијание врз застапеноста на етничките заедници, интеркултурниот дијалог, законските рамки и предизвиците во спроведувањето. Резултатите од ова истражување ќе бидат значајни за носителите на одлуки бидејќи ќе дадат препораки за понатамошно унапредување на интеркултурниот дијалог и за зајакнување на високото образование како клучен фактор во изградбата на мултикултурно општество.

Интервјуата овозможија прибирање длабински информации од професори и од други релевантни учесници шт ја познаваат темата, обезбедувајќи богата анализа на перцепциите и на искуствата. Вклучувањето на различни учесници од повеќе етнички заедници и професионални заднини помогна да се добие поцелосна слика за состојбите и за ефектите од ОРД. Прашањата беа внимателно подготвени за да ги опфатат клучните теми, што го олесни споредувањето на резултатите од различните интервјуа.Од друга страна, за време на

процесот на истражување, се соочив со слаб одѕив од потенцијалните учесници. Иако десетина интервјуа претставуваат солидна база за квалитативна анализа, поголемиот број учесници би овозможил подлабоко разгледување на темата и поголема доверливост на резултатите. Исто така, дел од учесниците може да имаат пристрасни ставови, што потенцијално влијае врз објективноста на добиените податоци.

И покрај одредени предизвици, особено поврзани со слаб одѕив, интервјуата обезбедија вредни податоци, кои помогнаа во анализата на влијанието на ОРД врз високото образование и интеркултурниот дијалог. Собраните одговори ја потврдија потребата од дополнителни напори за зајакнување на практичната имплементација на договорот и ја нагласија важноста на институционалната поддршка и на законските рамки за постигнување на неговите цели.

4.2 Анализа на интервјуата

Во рамките на истражувањето за степенот на имплементација на ОРД и неговото влијание врз високото образование и интеркултурниот дијалог, спроведени се десетина интервјуа со релевантни учесници. Интервјуата вклучуваат професори и претставници од образовни институции што имаат директно или индиректно искуство со процесите поврзани со ОРД, политичари и вработени од невладиниот сектор, кои се едни од главните фактори за имплементацијата на ОРД. Целта на овие интервјуа е да се соберат подлабоки и квалитативни сознанија за перцепциите, ставовите и искуствата поврзани со спроведувањето на ОРД во високото образование и неговото влијание врз промоцијата на интеркултурниот дијалог.

Интервјуата се спроведени со претходно подготвени прашања, кои опфаќаат различни аспекти на темата, како што се ефективноста на политиките, институционалната поддршка, предизвиците во имплементацијата и ефектите врз студентите и врз универзитетските заедници. Преку овој метод, се обезбедува можност за длабинска анализа на реалноста од перспектива на различни актери што се директно вклучени во образовниот процес.

Анализата на добиените податоци дава јасна слика за тоа како засегнатите страни ја перципираат успешноста на имплементацијата на ОРД, какви се нивните ставови за

постигнатите резултати и кои се идентификуваните недостатоци и можности за подобрување. Резултатите од овие интервјуа претставуваат суштински дел од истражувањето бидејќи нудат вредна перспектива за влијанието на ОРД врз високото образование и за степенот на зајакнување на интеркултурниот дијалог.

Соговорникот од првото интервју што го анализиравме го оценува влијанието на ОРД како генерално позитивно за застапеноста на немнозинските заедници во високото образование. Тој смета дека одредбите на ОРД придонесуваат кон кохезија и пристапност за сите заедници. Сепак, посочува дека тие не се доволно прецизирани, што овозможува потенцијална злоупотреба на одредбите од овој Договор. Во однос на имплементацијата на договорот, соговорникот нагласува дека, иако постојат позитивни примери, не е доволно запознаен за да даде детална оцена. Тој укажува на либерализацијата на високото образование преку вклучување повеќе јазици, но и на недостигот од материјали и курикулуми, што ги ограничува студентите, особено од немнозинските заедници, во нивниот понатамошен професионален живот. Соговорникот ја посочува важноста на регулативите и на законите што произлегуваат од ОРД, но истовремено истакнува дека имплементацијата често зависи од странска помош. Домашните институции покажуваат недостиг на континуитет, што резултира со застој кога меѓународната поддршка се намалува. Како поранешен вработен во невладина организација, соговорникот наведува дека тие служеле како катализатор за позитивни промени. Иако постоеле пречки на почетокот, долгорочните политики покажуваат значајни чекори напред, особено преку соработка со образовните институции.

Според соговорникот, постојат доволно институционални механизми што ги поддржуваат мерките на ОРД. Сепак, тој посочува на недоследности предизвикани од различни владини периоди, што доведува до конфликти во имплементацијата. Тој исто така го нагласува значењето на развојот на интеркултурализмот преку правилна искористеност на овие механизми. Соговорникот ја нагласува важноста на студентските и професорските размени, особено за земја како Северна Македонија, која имала ограничувања за патувања. Според него, тоа помага во стекнување поширока перспектива и разбирање за демократските вредности. ОРД има позитивно влијание врз соработката и врз разбирањето меѓу студентите, но соговорникот истакнува дека ова главно е резултат на меѓународни

програми како ТЕМПУС и ЕРАЗМУС. Тој додава дека недостигот од иницијативи на национално ниво е проблем што треба да се надмине. Иако соговорникот се воздржува од конкретен одговор на ова прашање, тој имплицира дека постојат предизвици во квалитетот и во координацијата на законите што произлегуваат од ОРД. Ова укажува на потребата за дополнително усогласување и ревизија. Соговорникот смета дека ОРД позитивно влијаел врз комуникацијата и врз разбирањето меѓу професорите и студентите со различни културни заднини. Сепак, тој забележува дека институционалните и личните бариери сѐ уште постојат, што ја ограничува целосната реализација на овие позитивни ефекти. Главните предизвици, според соговорникот, се институционалните слабости, човечките ресурси и политичката поларизација. Тој потенцира дека се потребни силни примери на социјална кохезија, координација меѓу институциите и долгорочна владина програма што ќе го поддржи интеркултурализмот.

Генерално, интервјуто со првиот соговорник покажува дека, иако ОРД имал позитивно влијание врз застапеноста и врз интеркултурниот дијалог, неговата имплементација е ограничена од институционалните предизвици, недостигот од локална иницијатива и политичката поларизација. Анализата на интервјуто со првиот соговорник покажа дека ОРД создаде законска рамка и иницијативи што овозможија инклузија на различни заедници, особено преку јазичната либерализација и интеркултурните програми. Ова е во согласност со првата истражувачка хипотеза, која вели дека имплементацијата на ОРД го зајакнува интеркултурниот дијалог во образованието.

Сепак, соговорникот укажува дека иако постојат институционални механизми за поддршка, нивната имплементација е честопати зависна од странска помош и не е постојана. Ова ги истакнува предизвиците поврзани со квалитетот на законските решенија и институционалната поддршка, што ја потврдува втората истражувачка хипотеза – дека успехот на ОРД во високото образование зависи од овие фактори. Недоследностите во политиките и зависноста од меѓународните програми како ЕРАЗМУС и ТЕМПУС покажуваат потреба за посилна локална иницијатива.

Во однос на интеркултурниот дијалог, соговорникот нагласува дека студентските и професорските размени се клучен аспект за подобрување на комуникацијата и на разбирањето меѓу различните заедници. Иако ваквите мерки позитивно влијаат врз

интеракцијата и кохезијата, тие главно се резултат на меѓународна поддршка, што укажува на ограничувањата во домашната имплементација.

Заклучно, резултатите од интервјуто покажуваат дека, и покрај предизвиците, ОРД има значајно влијание врз застапеноста и врз интеркултурниот дијалог. Сепак, за да се постигне поголема ефективност, потребни се поцврсти институционални механизми, континуирана политичка поддршка и национални домашни иницијативи што ќе го зголемат влијанието на договорот на долгорочен план.

Во второто интервју што го спроведовме се нагласува дека мерит-системот игра клучна улога во изборот на најдобрите студенти, што сугерира дека застапеноста на немнозинските заедници е можеби повеќе заснована на индивидуални способности отколку на институционални привилегии. Ова имплицира дека ОРД овозможува еднаков пристап, но не го гарантира, оставајќи простор за подобрување на институционалната поддршка.

Според соговорникот, ОРД резултирал со формирање нови универзитети, што позитивно влијае врз образованието, особено на албанската етничка заедница. Ова е значаен показател за прогрес, иако укажува на тоа дека главниот фокус бил на оваа заедница, додека другите можеби останале помалку опфатени. Соговорникот истакнува дека, и покрај напорите на претходната влада и ОБСЕ, нема значителен напредок во интеркултурниот дијалог. Ова сугерира дека политиките за дијалог се генерални и недостигаат специфични мерки што би поттикнале директна интеракција и разбирање меѓу заедниците.

Во рамките на образовната институција каде што тој работи, соговорникот посочува дека не постојат конкретни мерки за интеркултурен дијалог, освен стандардни политики. Ова укажува на недостиг на фокусирани иницијативи што би ги поттикнале соработувањето и културната инклузија.

Политиката на мерит-систем и студентските размени се идентификувани како придонесувачи со најголем потенцијал за зајакнување на интеркултурниот дијалог. Сепак, недостигот на посебни мерки ја ограничува нивната ефикасност. ОРД создава можности за поголема соработка и разбирање меѓу студентите од различни заедници, но соговорникот истакнува дека мерките сè уште не се целосно имплементирани.

Соговорникот сугерира дека законите и политиките од ОРД треба да се надополнат, особено со поголема правна рамка, која ќе обезбеди подлабока соработка меѓу образовните институции. Иако постои зголемена свест за инклузија, потребна е понатамошна надградба на политиките и на законските рамки за целосна интеграција на сите заедници во образованиот процес. Соговорникот го посочува недостигот на волја за соработка како клучен предизвик. Паралелните образовни институции создаваат „паралелни светови“, кои ја ограничуваат можноста за вистински интеркултурен дијалог. За да се надминат овие пречки, потребни се заеднички програми и посилна институционална поддршка.

Анализата на ова интервју потврдува дека, иако ОРД овозможи напредок во високото образование, предизвиците во имплементацијата на интеркултурниот дијалог и интеграцијата на заедниците сè уште остануваат значајни.

Одговорите на вториот соговорник нудат вредни сознанија за влијанието на ОРД врз високото образование во РСМ, особено во контекст на застапеноста на немнозинските заедници и интеркултурниот дијалог. Ова интервју ја поддржува првата истражувачка хипотеза, според која имплементацијата на ОРД има потенцијал да го зајакне интеркултурниот дијалог, но истовремено истакнува дека мерките за негово поттикнување се сè уште недоволно ефикасни. Соговорникот ја нагласува важноста на мерит-системот за изборот на студентите, што ја потврдува важноста на објективните критериуми за обезбедување инклузивност. Ова одговара на истражувачкото прашање за тоа како ОРД влијае врз застапеноста на заедниците што не се мнозинство. Сепак, соговорникот забележува дека главниот фокус е ставен на албанската етничка заедница, што може да укаже на недоволна институционална поддршка за другите заедници.

Второ, соговорникот наведува дека, иако ОРД поттикна формирање нови универзитети и ја подобри образовната состојба на одредени заедници, конкретни и насочени мерки за интеркултурен дијалог речиси и да нема. Ова се поврзува со хипотезата дека ОРД придонесува кон подобрување на високото образование, но дека постојат ограничувања што го забавуваат овој напредок. Одговорите покажуваат дека, иако постои основа за подобрување на комуникацијата и на разбирањето меѓу студентите од различни заедници, вистинскиот напредок е ограничен од недостиг на посебни политики, програми

за размена и заеднички студиски иницијативи. Ова укажува на значителен јаз помеѓу прокламираните цели на ОРД и неговата реална имплементација.

На крајот, соговорникот ја истакнува потребата од дополнување на законите и политиките, како и од поголема институционална волја за заеднички иницијативи. Ова укажува дека, иако ОРД создаде основа за инклузивност, вистинскиот интеркултурен дијалог сѐ уште бара значителни напори, како на законодавно така и на практично ниво. Заклучокот е дека, за да се постигнат целите на ОРД, потребни се негово доработување и воведување конкретни мерки што ќе ги обединат образовните институции и заедниците во заеднички образовен процес.

Следното интервју обезбедува вредни перспективи за влијанието на ОРД врз високото образование и интеркултурниот дијалог во РСМ. Соговорничката дава критички осврт на имплементацијата на ОРД и неговото влијание врз високото образование. Според неа, постојат позитивни чекори во зголемувањето на инклузивноста, но политичките договори, универзитетската поделба и недостигот на аналитички пристап ја намалуваат ефективноста на мерките. Неопходно е да се насочат напорите кон подобрување на квалитетот на наставата и кон инвестирање во интеркултурен дијалог преку активни институционални механизми.

Соговорничката истакнува дека ОРД предвидува квоти за правична застапеност на етничките заедници во високото образование преку принципот на „позитивна дискриминација". Според неа, ова им овозможува на сите етнички заедници еднаков пристап до високо образование, но со ограничувања, како што е понизок успех на оние студенти што се запишуваат поради етничката припадност. Заедно со студентските протести во 1997 година, во кои постоело високо ниво на вклученост на сите етнички заедници, фокусот бил ставен на подигнување на квалитетот на образованието. Иако одредбите на ОРД овозможуваат еднаков пристап, заедничкиот фокус на образовните политики останува ограничен и поврзан со политичките коалициски интереси.

Соговорничката  забележува значајни промени од 1997 година до денес, кога процентот на образовани припадници на етничките заедници во високото образование е значително зголемен. Сепак, проблемот на поделбата на универзитетите на оние што нудат настава на македонски и на албански јазик ги отежнува соработката и градењето меѓусебно

разбирање меѓу Македонците и Албанците. Според неа, оваа поделба не води кон градење заедништво, туку кон засилување на поделбите, и не помага во развојот на заедничко образование засновано на квалитет и на заеднички интереси.

Образовните политики во РСМ често се зависни од коалициските договори и од политичката волја на поединечни министри. Како резултат, соговорничката посочува дека тие се често недовршени и нецелосни, што води кон нестабилност во образовните системи и недостиг на континуитет во реформите.

Во однос на интеркултурниот дијалог, се забележува дека политиките не се насочени кон градење сериозен дијалог меѓу различните етнички заедници, туку се користат како средство за постигнување политички цели. Таа исто така посочува дека јавните дебати, како онаа за отворањето на Универзитетот „Мајка Тереза“, не ги вклучуваат сите релевантни фактори, што ги намалува транспарентноста и ефикасноста на донесените одлуки.

Соговорничката смета дека постојат институционални механизми што ги поддржуваат мерките на ОРД во високото образование, но тие не се користат ефикасно. За неа, ОРД често станува инструмент за политичко манипулирање и за ширење нетрпеливост наместо да води кон вистинска интеграција и кон градење заеднички образовни вредности.

Соговорничката укажува на фактот дека иако постојат некои уставни механизми што ги штитат правата на етничките заедници, нивната имплементација не е доволно ефективна. Таа смета дека вистински интеркултурен дијалог може да се постигне само ако образованието стане фокусирано на квалитетот, а не на политичките интереси. Ова би довело до помал отпор од припадниците на различните заедници и би овозможило создавање образовни програми што ќе бидат релевантни за пазарот на трудот и за научниот развој.

Преку ова интервју се потврдуваат претпоставените хипотези на истражувањето: имплементацијата на ОРД има влијание врз застапеноста на етничките заедници во високото образование, но не доведува до вистинска интеграција и интеркултурен дијалог. Паралелно со тоа, забележано е дека политичките интереси и недовршените образовни политики го ограничуваат потенцијалот за успешна имплементација на ОРД и за развој на квалитетно и интегрирано високо образование.

Следното интервју дава јасна слика за негативните аспекти на имплементацијата на ОРД во високото образование во РСМ, особено во контекст на застапеноста на етничките заедници, интеркултурниот дијалог и политиките за инклузивност.

Според соговорникот, ОРД нема значително влијание во делот на наставниот кадар или во уписите на студенти. Ова укажува на можната неефикасност на мерките за вистинска интеграција на етничките заедници во високото образование. Иако постојат квоти и одредби чија цел е да обезбедат еднаков пристап за студентите од различни етнички заедници, реалноста, според него, е дека нема значајни промени во овие аспекти.

Во однос на имплементацијата на ОРД, соговорникот не забележува значителни промени. Ова може да се толкува како критика кон реализацијата на договорот и неговата способност да создаде вистинска промена во образовната средина. Можеби причината за ова е недоволна политичка волја за имплементирање конкретни и ефективни промени.

Соговорникот, исто така, посочува дека не забележува никакви значајни промени во образовните политики, особено во однос на интеркултурниот дијалог. Ова ја истакнува слабоста на политиките што требало да создадат културна размена и соработка меѓу различните етнички заедници. Кога се оценуваат ваквите политики, јасно се гледа дека тие не успеале да го постигнат посакуваниот ефект на инклузивност.

Соговорникот изразува критика и кон мерките за промоција на интеркултурниот дијалог, сметајќи дека тие се неефикасни. Според него, отворените нови факултети и универзитети каде што се обучуваат исклучиво Албанци и Албанки не придонесуваат за создавање вистински интеркултурен дијалог. Наместо тоа, тие ја засилуваат етничката поделба, што има негативни последици за заедничкото образование и соработка.

Во поглед на институционалната поддршка, соговорникот исто така смета дека не постојат доволно механизми кои ефективно ќе ја поддржат имплементацијата на мерките од ОРД. Ова го истакнува како еден од клучните фактори за неуспехот на договорот во високото образование, бидејќи без институционални механизми, политиките не можат да се спроведат ефективно.

Соговорникот посочува дека, за жал, не познава образовни политики што би придонеле за зајакнување на интеркултурниот дијалог. Ова може да биде показател за

недостиг на стратегиски фокус во политиките за високо образование и нивната неефективност во создавањето услови за интеграција на различни етнички групи.

Соговорникот категорично не се согласува со тврдењето дека ОРД довел до зголемена соработка и разбирање меѓу студентите од различни етнички заедници. Ова укажува на можниот ефект на разделување во високото образование, каде што постојат факултети и универзитети што ја поттикнуваат етничката поделба, наместо да создадат заеднички простор за соработка.

Во однос на квалитетот на законите и на политиките произлезени од ОРД, соговорникот дава оценка 6, што укажува на неговото незадоволство со нивната ефикасност и резултати. Ова е критичка оценка, која го истакнува недоволниот успех на овие закони во постигнувањето на целите на ОРД во високото образование.

Според соговорникот, комуникацијата и разбирањето меѓу професорите и студентите со различни културни заднини не се подобрени по имплементацијата на ОРД. Напротив, тој истакнува дека пред ОРД имало позитивна дискриминација при уписите и поголема застапеност на Албанците на првиот државен универзитет во нашата држава, УКИМ, што сугерира дека ОРД не довел до значајни промени во меѓуетничките односи во високото образование. Најголемиот предизвик, според соговорникот, е што се формирале нови универзитети и факултети по донесувањето на ОРД, кои, наместо инклузивност, наметнале етничка поделба. Тоа ја создава поделбата во образованието, што е спротивно на целите на ОРД за интеграција и соработка.

Интервјуто со соговорникот дополнително го потврдува стереотипот дека имплементацијата на ОРД во високото образование не ја постигнува својата цел за вистинска инклузивност и интеркултурен дијалог. Соговорникот ги истакнува негативните аспекти на мерките, како што се етничките поделби и недостигот на ефективна институционална поддршка. Неговите одговори укажуваат на потребата за ревидирање на образовните политики и за создавање стратегии што ќе поттикнуваат вистинска интеграција и соработка меѓу студентите од различни етнички заедници.

Соговорникот од следното интервју, пак, истакнува една сосема поинаква димензија и гледиште на работите кога ставува збор за ОРД. Тој ја истакнува значајноста на ОРД за

развојот на културната перспектива на заедниците што не се мнозинство, особено на Албанците. Според него, формирањето на Универзитетот во Тетово претставува суштинска точка во процесот на трансформација на високото образование. Универзитетот се споменува како симбол на отпор против општествените предрасуди и како алатка за унапредување на образованието на албанската заедница, особено на жените. Како што истакнува тој, ОРД е чекор кон иднината.

Оваа анализа ја потврдува хипотезата дека имплементацијата на ОРД го подобрува пристапот до високо образование за немнозинските заедници. Соговорникот укажува дека овој пристап е не само квантитативно подобрен туку и квалитативно, бидејќи универзитетот овозможува зголемена културна освестеност и градење на идентитетот кај младите. Меѓутоа, соговорникот наведува дека е потребно дополнително вложување во квалитетот на наставните програми и во условите за студирање.

Во однос на интеркултурниот дијалог, соговорникот дава измешани оцени. Од една страна, тој признава дека ОРД создава можности за подобрување на односите меѓу заедниците, но, од друга страна, посочува дека постојат општествени бариери што го спречуваат целосното искористување на овие можности. Тој наведува примери како што се недостигот на двонасочна употреба на јазиците во одредени општини и одбивањето на одредени академски фигури да учествуваат на мултиетнички настани, како показатели за ограничената практична имплементација на интеркултурниот дијалог.

Овие заклучоци укажуваат на тоа дека хипотезата дека ОРД го зајакнува интеркултурниот дијалог е само делумно потврдена. Соговорникот истакнува дека институциите и општеството сè уште не се подготвени за целосно интегрирање на мултикултурните вредности, што го потврдува значењето на институционалната поддршка за овие процеси.

Соговорникот укажува на недостатоците во спроведувањето на законите што произлегуваат од ОРД. Иако правната рамка овозможува институционална поддршка за немнозинските заедници, во практика често постојат проблеми со нејзиното спроведување. Како пример, соговорникот наведува недостиг на финансиски и на кадровски ресурси во универзитетите што опслужуваат немнозински заедници, што влијае врз квалитетот на образованието.

Оваа анализа потврдува дека, иако правните решенија се основа за имплементацијата на ОРД, нивната ефективност е ограничена од институционалните слабости. Хипотезата дека квалитетот на политиките и назаконите е клучен фактор за успехот на ОРД се потврдува, но со напомена дека е потребно дополнително подобрување на нивното спроведување.

Политичката клима и нерешените прашања, како што е статусот на албанскиот јазик, се наведени како главни пречки за унапредување на интеркултурниот дијалог. Соговорникот смета дека постојат длабоки предрасуди меѓу заедниците, што често се рефлектира во секојдневната комуникација и односите.

Иако соговорникот признава дека ОРД отвора можности за дијалог, тој нагласува дека недостигот на иницијативи за промовирање заемно разбирање го ограничува ефектот на договорот. Ова укажува на тоа дека хипотезата за позитивното влијание на ОРД врз интеркултурниот дијалог е исполнета само до одреден степен и дека се потребни дополнителни напори.

Соговорникот посочува дека механизмите за поддршка на ОРД се недоволно ефективни, главно поради слабостите на институциите. Тој истакнува дека, иако меѓународната заедница обезбедува финансиска поддршка за мултикултурни проекти, домашните институции често не успеваат да развијат одржливи проекти што ќе ја поддржат соработката меѓу заедниците. Овој аспект ја нагласува потребата од реформи во институционалната структура за подобро управување со ресурсите.

Соговорникот ја потенцира важноста на образовните политики за промовирање на културната и на јазичната разноликост. Тој предлага дека институциите треба да го следат примерот на успешни меѓународни модели, но и да вложуваат во зголемување на квалитетот на наставата и на инфраструктурата. Оваа препорака потврдува дека реформите во образовниот сектор се клучен елемент за зајакнување на интеркултурниот дијалог.

Одговорите на соговорникот укажуваат на напредок постигнат со имплементацијата на ОРД, особено во однос на пристапот до високо образование за етничките заедници. Сепак, анализата открива и значајни предизвици, како што се ограничениот интеркултурен дијалог и институционалните слабости. Ова потврдува дека успехот на ОРД зависи од

долгорочни реформи во образовните политики, од надминување на општествените предрасуди и од подобрување на институционалната поддршка.

Препораките вклучуваат зголемено вложување во квалитетот на високото образование, подобрување на институционалната структура за спроведување на ОРД и развивање на иницијативи кои ќе го промовираат интеркултурниот дијалог.

Одговорите на нашиот следен соговорник покажуваат дека ОРД има двоен ефект: сегрегација кај студентите Албанци, кои најчесто студираат на универзитети со настава на албански јазик, и парцијална интеграција кај помалите заедници (Турци, Роми) преку афирмативните мерки. Ова го поддржува истражувачкото прашање за тоа како ОРД влијае врз застапеноста на заедниците и директно ја адресира првата хипотеза, според која ОРД треба да го зајакне интеркултурниот дијалог.

Соговорникот ја перципира имплементацијата како ограничена, со мал или негативен ефект врз интеркултурниот дијалог. На некои факултети, како што е наведено, етничкиот диверзитет речиси исчезнал. Ова укажува на недоволна интеграција и поврзаност на образовните политики со интеркултурниот дијалог, што ја предизвикува втората хипотеза дека ОРД значително придонесува за подобрување на високото образование и интеркултурниот дијалог.

Соговорникот генерално смета дека мерките за промоција на интеркултурниот дијалог се неефикасни или дури и дека не постојат. Недостигот од такви мерки, според него, е значаен проблем. Дополнително, програмите со интеркултурна компонента се слабо прифатени или игнорирани. Ова ја потврдува потребата за оценување на институционалната поддршка и влијанието на мерките врз дијалогот, што е предмет на третата хипотеза.

Недостигот од институционални механизми и потпирањето на меѓународната заедница, како што е примерот со отворањето на Штуловиот универзитет, се наведуваат како значајни слабости. Ова укажува на неусогласеност меѓу законите и политиките што произлегуваат од ОРД и реалната поддршка на теренот. Ова прашање е клучно за разбирање на врската меѓу квалитетот на законите и перцепцијата за нивната успешност.

Обезбедувањето културна разновидност во студентската популација се смета за најзначаен фактор за зајакнување на интеркултурниот дијалог. Сепак, тоа не е адекватно адресирано од постојните политики. Ова го истакнува јазот помеѓу целите на ОРД и нивната реализација во образовните институции.

Главните предизвици идентификувани од соговорникот вклучуваат недостиг на културна разновидност, недостиг на институционални механизми и непостоење на ефективни мерки за промоција на дијалогот. Ова директно ја адресира врската меѓу независната променлива (успешноста на ОРД) и зависните променливи (квалитетот на законите, институционалната поддршка и перцепцијата за успехот). Одговорите од овој соговорник генерално укажуваат на тоа дека имплементацијата на ОРД, наместо да го зајакне интеркултурниот дијалог и да ја подобри застапеноста, придонела за сегрегација и за ограничена интеграција. Ова ги потврдува критичките точки на хипотезите и нагласува дека постојат значајни недостатоци во образовните политики и во институционалната поддршка.

Следно соговорникот споменува дека ОРД создал систем што ја подобрил застапеноста на немнозинските заедници преку формирање универзитети со наставен јазик албански и турски, но и тројазичен универзитет (Универзитетот на Југоисточна Европа), кој нуди македонски, албански и англиски јазик. Овој пример покажува успех во интегрирањето на различни етнички групи во академската заедница, што е директно поврзано со хипотезата дека имплементацијата на ОРД може да ја зголеми застапеноста на немнозинските заедници во високото образование и да го поттикне интеркултурниот дијалог.

Постигнувањата се забележуваат во интегрираното и интеркултурно образование, каде што немнозинските заедници добиваат можност да се образоваат на својот мајчин јазик, а полилингвализмот се негува. Овој процес ги поттикнува промените во образовните политики и ја потврдува хипотезата дека ОРД има позитивно влијание врз високото образование, особено во контекст на унапредувањето на правата на немнозинските заедници.

Соговорникот забележува значајни промени преку интегрирање на концептот на интеркултурни компетенции во образовните политики, што е дел од стратегијата за развој

на концептот „Едно општество и интеркултурализам“. Ова се совпаѓа со хипотезата дека имплементацијата на ОРД го подобрува интеркултурниот дијалог во образованието. Тој потврдува дека постојат институционални механизми на ниво на МОН, но недостигот на ресурси и координација е значаен предизвик. Ова го поврзува со хипотезата дека, иако институциите постојат, постојат бариери во нивната ефективност, како што е недостигот на човечки, финансиски и технолошки ресурси, кој го отежнува успешното спроведување на ОРД во високото образование.

Соговорникот укажува на важноста на создавањето стандарди за интеркултурна компетенција што треба да се имплементираат во високото образование, што потврдува дека интеркултурниот дијалог може да биде зајакнат преку стратегиско планирање на образовните политики. Ова ја поддржува нашата хипотеза дека интеркултурниот дијалог во високото образование ќе биде подобрен ако се создадат механизми за едукација на студентите за културна разноликост.

Постоењето практика за соработка меѓу ученици и студенти од различни етнички заедници ја потврдува тезата дека имплементацијата на ОРД ги создава условите за поголемо разбирање и соработка меѓу различни култури, особено ако тие активно учествуваат во заеднички активности.

Соговорникот истакнува дека постојат проблеми со националистички политики, кои го попречуваат носењето квалитетни закони и политики. Ова укажува на политички предизвици што можат да ги нарушат квалитетот и ефективноста на имплементацијата на ОРД, што го поврзува со потенцијалните ограничувања на имплементацијата на ОРД во високото образование.

Според соговорникот, ОРД ги подобрил комуникацијата и разбирањето меѓу студентите и професорите со различни културни заднини, но исто така постојат потреби за систематска и планска имплементација на интеркултурни активности. Ова го потврдува нашето истражување дека ОРД може да доведе до поголема свест и разбирање меѓу студентите од различни етнички групи.

Главните предизвици се поврзани со научната етика, методологијата, како и практичните тешкотии во обезбедувањето кадар и ресурси за поддршка на образовниот

процес. Ова сугерира дека за да се постигне вистински интеркултурен дијалог во високото образование, потребни се структурни промени во образовниот систем, финансиски инвестиции и јасна поддршка од институциите.

Интервјуто покажува дека имплементацијата на ОРД има значајно влијание врз високото образование во РСМ, особено во контекст на зајакнување на застапеноста на немнозинските заедници и поттикнување на интеркултурниот дијалог. Меѓутоа, предизвиците со ресурсите, координацијата и политичките фактори укажуваат на потребата од понатамошни напори за ефективна имплементација.

Во последното интервју е истакнато дека има напредок во образованието на албански јазик, како што се формирањето на Универзитетот на Југоисточна Европа и на ДУТ, но исто така се посочува дека ОРД всушност го интензивира паралелизмот меѓу етничките заедници, што го спречува вистинскиот интеркултурен дијалог. Рамковниот договор не го постигнал својот првичен целосен ефект во интеграцијата на заедниците, што укажува на тоа дека дијалогот останува ограничен во многу сфери, особено во образованието, каде што заедниците продолжуваат да се образоваат и да работат во паралелни светови.

Според интервјуто, постои значително подобрување во застапеноста на албанската заедница во високото образование, особено благодарение на основањето универзитети на албански јазик. Иако има позитивен напредок, формирањето етнички универзитети се поставува како предизвик бидејќи тоа ја зголемува етничката сегрегација и ги спречува заедниците да се интегрираат во заеднички образовни и професионални простори.

Одговорите на интервјуто нагласуваат дека, иако има официјална признатост на јазиците на етничките заедници и се формирале универзитети на албански јазик, ова не довело до вистинска интеграција меѓу заедниците. Интеркултурниот дијалог, иако почнал да се практикува, останал ограничен бидејќи заедниците продолжиле да живеат и да учат во паралелни образовни системи, што ги отежнува вистинското помирување и соработка.

Според интервјуто, институционалните механизми се оценуваат како недостаточни, особено кога станува збор за поддршка на интеркултурниот дијалог. Не постојат конкретни механизми што би поттикнале интеграција и соработка меѓу македонските и албанските

универзитети, а многу често се случува соработката да биде повеќе на лична основа отколку на институционално ниво.

Изјавите од интервјуто укажуваат на тоа дека, иако законите довеле до формирање универзитети на различни јазици, ова не довело до значително подобрување на меѓусебната комуникација меѓу етничките заедници. Сегашните политики ја зајакнуваат паралелноста, а не инклузивноста, што ги потврдува тешкотиите во постигнувањето вистински интеркултурен дијалог.

Интервјуто ја потврдува нашата прва хипотеза дека имплементацијата на ОРД влијае врз образовната политика и високото образование, но не води автоматски до поголем интеркултурен дијалог, туку создава паралелизам во образовните системи на различни етнички заедници. Второ, видлива е подобрената застапеност на помалите етнички заедници, особено албанската, во високото образование, но процесот на интеграција е ограничен. Иако постои напредок во образованието на албански јазик, патот кон вистинска интеграција и помирување преку образование и соработка меѓу заедниците во образованието сè уште не е остварен.

Во текот на спроведеното истражување, одговорите на интервјуираните соговорници беа анализирани и групирани по клучни прашања што се однесуваат на имплементацијата на ОРД и влијанието на високото образование и интеркултурниот дијалог. Иако тие дадоа своја процена на тековната состојба, треба да се напомне дека нивните одговори се однесуваат на практичните аспекти на политиките и на образовните стратегии.

Интервјуираните соговорници се согласуваат дека формирањето универзитети на различни јазици, особено универзитети на албански јазик, претставува значителен напредок во застапеноста на албанската заедница во високото образование. Меѓутоа, одговорите се разликуваат во оцената на долгорочниот ефект на ова решение. Некои соговорници нагласуваат дека создавањето етнички универзитети го зголемува паралелизмот меѓу етничките заедници, што го поткопува вистинскиот интеркултурен дијалог и создава образовни „светови“ што не се поврзани меѓусебно. Ова е поткрепено од интерпретациите на некои експерти, кои тврдат дека тоа води кон сегрегација наместо кон интеграција.

Понтаму, во одговорите на соговорниците се јавува видлива разлика во оцената на имплементацијата на интеркултурниот дијалог. Експертите се согласуваат дека ОРД имал позитивен ефект во создавањето механизми за интеркултурен дијалог, но често истакнуваат дека тие механизми се непотполни и не доведуваат до суштинска интеграција. Нагласена е потребата од подобрување на институционалната поддршка за меѓуетничка соработка и интеракција, особено на институционално ниво. Иако е постигнат напредок во насока на поддршка на интеркултурниот дијалог, најчесто на лично, а не на институционно ниво, вистинската интеграција и соработка остануваат ограничени. За да се постигне целосен ефект на интеграција, неопходно е да се развијат конкретни механизми што ќе ја поттикнуваат и ќе ја институционализираат соработката меѓу различните етнички заедници.

Следно, одговорите на соговорниците покажуваат дека постојните институционални механизми за соработка меѓу македонските и албанските универзитети се недоволни. Некои од нив нагласуваат дека соработката на универзитетско ниво е многу често ограничена на лични иницијативи на поединци, а не на официјални институционални проекти. Многу од нив пак истакнуваат дека законските и институционалните иницијативи не обезбедуваат доволна поддршка за интеграција на различните заедници. Врз основа на ова, може да се каже дека недостигот на ефективни институционални механизми за соработка и поддршка на интеграција и соработка меѓу етничките заедници укажува на потребата за структурни промени во политиките и во законските решенија. Поддршката за интеркултурен дијалог не може да биде оставена на лични иницијативи, туку мора да биде вградена во институционалните стратегии.

Одговорите на интервјуираните соговорници покажуваат дека, иако постојат значителни напори за подобрување на образованието на различни јазици, постојат сериозни недостатоци во постигнувањето вистинска интеграција и интеркултурен дијалог меѓу различните етнички заедници. На краток рок, создавањето универзитети на албански јазик довело до подобрена застапеност на албанската заедница во високото образование, но на долг рок тоа може да ги продлабочи етничките разлики.

Истражувањето исто така покажува дека постојните институционални механизми се недоволни за да го постигнат вистинскиот интеркултурен дијалог и соработка меѓу

различните заедници, што укажува на потребата од дополнителни законски и институционални реформи.

Иако овие резултати се поткрепени со ставовите на експертите, треба да се напомне дека истражувањето не ги вклучува студентите како дел од целокупната слика, што може да биде предмет на наредно истражување. Студентите можат да понудат различна перспектива, базирана на нивните искуства во образовниот систем, што би можело да помогне во дополнително разбирање на степенот на интеграција и интеркултурен дијалог во образованието.

## 4.3 Соодветност на методите на собирање податоци за анализа на хипотезите и истражувачките прашања и потврда на хипотезите

Во рамките на моето истражување, методолошкиот пристап вклучи употреба на квалитативни методи, и тоа интервјуа и фокус-групи, како основни алатки за собирање податоци. Овој избор на методи и на учесници е специфично насочен за добивање што подлабоки и позначајни информации, кои ќе овозможат анализа на имплементацијата на ОРД во високото образование, со посебен акцент на интеркултурниот дијалог. Овие методи се избрани во согласност со хипотезите и со истражувачките прашања на истражувањето и нивната соодветност ќе биде детално разгледана во продолжение.

Во однос на соодветноста на фокус-групата, учесниците се претставници од два значајни сегмента на јавниот живот – професори и политичари. Овој избор на учесници е внимателно одбран поради нивната важност и улога во процесите на образовни политики, особено во контекст на имплементацијата на ОРД. Професорите, како директни учесници во образовниот процес, имаат целосна и директна перспектива за тоа како се реализираат образовните политики на терен, како и за влијанието на ОРД врз самиот образовен систем. Од друга страна, политичарите имаат извршна и законодавна моќ и нивната улога во креирањето и во имплементацијата на образовните политики, како и во формирањето политички и правни рамки за ОРД, е клучна за разбирање на ширината и длабочината на овие процеси.

Фокус-групата, составена од професори и политичари, е соодветна за анализа на хипотезите бидејќи овие две групи даваат комплементарни погледи на влијанието на ОРД

врз високото образование. Професорите се во директен контакт со студентите и имаат конкретно знаење за примената на образовните реформи во практиката. Тие може да обезбедат информации за тоа како се менуваат образовните методи, како и за ефектите на универзитетите во однос на квалитетот на образованието и на интеркултурниот дијалог.

Политичарите, пак, се во позиција да анализираат дали имплементацијата на ОРД, која треба да го зајакне меѓуетничкиот дијалог, навистина ја исполнува својата цел. Тие се исто така клучни за оценување на успешноста на политиките и на законодавните мерки во високото образование, како и за разликите во пристапот кон различните етнички заедници и нивната застапеност во образовниот систем. Анализата на нивните ставови помогна во процената на степенот на успешност на имплементацијата на ОРД и укажа на евентуалните недостатоци во тековните образовни политики.

Во однос на интервјуата, истражувачките прашања, кои се насочени кон истражување на влијанието на ОРД врз застапеноста на немнозинските заедници во високото образование и врз интеркултурниот дијалог, се директно поврзани со ставовите и со искуствата на учесниците во интервјуата. Изборот на професори и политичари како учесници во интервјуата е соодветен бидејќи тие имаат директно влијание врз образовниот систем и можат да понудат детални информации за актуелната ситуација. Професорите се тие што го живеат процесот на имплементацијата на ОРД во наставата и можат да обезбедат значајни податоци за неговото влијание врз квалитетот на образованието и на меѓуетничката комуникација на терен. Одговорите што се добиваат од нив, како и нивните согледувања за недостатоците и за предностите на ОРД, ќе бидат клучни за оцена на ефектите на ОРД во високото образование.

Со други зборови, интервјуата со професори и со политичари ја покриваат потребата за детална анализа на хипотезите, кои се поврзани со степенот на интеграција на немнозинските заедници, како и со нивната застапеност во високото образование. Примерите што ги даваат учесниците ќе овозможат проучување на тоа дали ОРД ја исполнува својата цел за изедначување на образовните можности, иако, според некои одговори, се укажува на постоењето на паралелни образовни системи, кои го отежнуваат меѓуетничкиот дијалог.

Во однос на хипотезите на истражувањето, кои се однесуваат на унапредување на застапеноста на немнозинските заедници во високото образование преку ОРД и на ефективноста на овие политики во развојот на интеркултурниот дијалог, фокус-групата и интервјуата обезбедуваат одговори на клучните прашања. Хипотезите, кои ги истражуваат влијанието на ОРД врз застапеноста на немнозинските заедници, неговите ефекти на образованието и интеркултурниот дијалог, како и можното постоење на паралелни образовни системи, се длабоко разгледани преку перспективите на учесниците во интервјуата и фокус-групата.

Доколку се земат предвид различните ставови на професорите и на политичарите, може да се заклучи дека, иако има некои позитивни промени во обликот на образованието, како што се универзитети на други јазици, постои недостиг на вистинска интеграција и комуникација меѓу етничките заедници. Тоа ги поддржува хипотезите дека, иако застапеноста на немнозинските заедници е подобрена, процесот на интеграција и унапредување на интеркултурниот дијалог бара понатамошна работа на различни институционални нивоа.

Може да се констатира дека со оглед на избраната методологија, употребата на интервјуа и фокус-група е соодветна за анализирање на хипотезите и на истражувачките прашања. Учесниците, составени од професори и политичари, обезбедуваат широк спектар на ставови и перспективи, кои даваат детални и конкретни информации за имплементацијата на ОРД во високото образование и за предизвиците со кои се соочува овој процес. Тие обезбедуваат корисни податоци за проценување на ефективноста на овие мерки и нивното влијание врз интеркултурниот дијалог и застапеноста на етничките заедници.

Понатаму, анализата на направените интервјуа со професори, политичари и други релевантни актери овозможи продлабочено разгледување на основното истражувачко прашање: Дали одредбите на ОРД во однос на образованието влијаат врз образовната политика и високото образование и придонесуваат за зајакнување на интеркултурниот дијалог?

Хипотеза 1: Имплементацијата на ОРД во образованието помага во зајакнување на интеркултурниот дијалог.

Интервјуираните лица генерално го потврдуваат влијанието на ОРД врз интеркултурниот дијалог, особено преку воведувањето мерки за вклучување на немнозинските заедници во образовниот процес. Сепак, различните перцепции на професорите и политичарите укажуваат на тоа дека степенот на имплементација варира во зависност од националниот контекст и од нивото на институционална поддршка.

Хипотезата е делумно потврдена бидејќи, иако има позитивни примери за зајакнување на дијалогот, недостатоците во практична реализација и во институционалната поддршка ја намалуваат ефикасноста на одредбите.

Хипотеза 2: Одредбите од ОРД придонесуваат за подобрување на високото образование и за унапредување на интеркултурниот дијалог.

Резултатите покажуваат дека имплементацијата на ОРД има позитивно влијание врз достапноста на високото образование за немнозинските заедници. Програмите на универзитетите се адаптирани за да ги опфатат потребите на мултиетничката средина, што е потврдено од интервјуираните професори. Сепак, идентификувани се и ограничувања, како што се недоволно квалитетни законски решенија и недостиг од системска поддршка од страна на националните институции.

Хипотезата е делумно потврдена бидејќи, иако е забележан напредок, постојат значајни предизвици што ја ограничуваат целосната реализација на очекуваните подобрувања.

Во однос на одговорот на истражувачкото прашање „Дали одредбите на ОРД влијаат врз образовната политика и високото образование и придонесуваат за зајакнување на интеркултурниот дијалог?“, анализата на интервјуата покажува дека одредбите на ОРД имаат значително влијание врз образовната политика и врз високото образование. Ова се огледува преку:

- зголемената застапеност на немнозинските заедници во високото образование;
- програми што поддржуваат интеркултурен дијалог и едукација.

Сепак, остануваат предизвици како што се недоволната институционална поддршка и варијабилниот квалитет на законските решенија.

Иако имплементацијата на ОРД има позитивен придонес за образованието и за интеркултурниот дијалог, резултатите од анализата укажуваат дека за целосно потврдување на хипотезите се потребни дополнително зајакнување на институционалната поддршка и подобрување на квалитетот на законските решенија. Перцепциите на интервјуираните укажуваат на тоа дека тековните мерки поставуваат солидна основа, но не ги елиминираат постојните бариери за комплетна реализација на целите на ОРД.

## 4.4 Позитивни и негативни аспекти на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор

Имплементацијата на ОРД во високото образование има свои позитивни и негативни аспекти, кои се изразуваат во различни области на образовниот систем, меѓу кои се застапеноста на немнозинските заедници, интеркултурниот дијалог, како и институционалната соработка. Иако ОРД донесе значајни промени во однос на правата и можностите на етничките заедници, процесот на интеграција во образовниот систем е далеку од целосно реализиран.

Една од најголемите позитивни промени што произлегува од имплементацијата на ОРД е зголемената застапеност на заедниците што не се мнозинство, особено во високото образование. Поради овие одредби, се формираа универзитети на албански јазик, што им овозможи на студентите од албанската заедница да студираат на свој мајчин јазик, што претставува напредок во однос на претходната ситуација, каде што имаше ограничени можности за образование на албански јазик.

Со формирањето универзитети што нудат образовни програми на јазиците на помалите етнички заедници, ОРД придонесе за афирмација на правата на овие заедници. Се зголеми видливоста на албанската заедница во образовните институции и се даде правна основа за нејзино учество на еднакви основи во образовниот систем.

Но, иако формирањето универзитети на албански јазик им донесе подобри можности за образование на студентите од албанската заедница, се создаде паралелизам во образовниот систем. Македонците и Албанците во голем дел не се среќаваат во образовните

институции, што ја зголемува дистанцата помеѓу овие две етнички заедници и го намалува инклузивниот карактер на образованието.

Во рамките на високото образование, интеграцијата на различни етнички групи не се постигнува на посакуваното ниво. Студентите од различни етнички заедници, дури и ако студираат на исти универзитети, често не учат заедно, туку се наоѓаат во паралелни програми. Овој модел не создава услови за вистинска интеграција и размена на идеи меѓу студентите од различни етнички средини.

Во согласност со направените интервјуа, ставот е дека имплементацијата на ОРД не успеа да поттикне сериозна соработка меѓу универзитетите на различни јазици. Универзитетите на албански и на македонски јазик функционираат како одделни институции без значителна соработка и размена на знаење. Ова го спречува развојот на интеркултурниот дијалог и ја одржува поделеноста во образовниот систем.

Воведувањето образовни програми на мајчините јазици за помалите етнички заедници е важен позитивен аспект на ОРД. Ова овозможува студентите од помалите заедници да го учат материјалот на јазикот што им е мајчин, што ги подобрува разбирањето и образовните резултати. Ова е особено важно за студентите што не го познаваат македонскиот јазик доволно за да го следат наставниот процес.

Иако постојат можности за учење на јазиците на другата етничка група, многу студенти се одлучуваат да не ги учат тие јазици. Албанските студенти честопати не го познаваат македонскиот јазик доволно за да учат на македонски јазик, додека македонските студенти не се заинтересирани да учат албански. Ова ја одржува поделеноста меѓу заедниците и го спречува развојот на вистински интеркултурен дијалог.

Еден од позитивните ефекти на ОРД е зголемената политичка стабилност во земјата. Иако во образованието не се постигнати целосни резултати во смисла на интеграција на различни етнички групи, политичкиот систем во Северна Македонија стана поинклузивен и поотворен за претставниците на различни етнички заедници.

Според ставовите на некого од интервјуираните, не постојат конкретни механизми што ќе ја поттикнат соработката меѓу македонските и албанските универзитети. Со постојната практика, кога универзитетите функционираат паралелно, создавањето

соработка меѓу нив е многу тешко. Со оглед на тоа што нема јасни структури за размена на студенти и професори, ова го отежнува развојот на вистински интегриран образовен систем.

Иако имплементацијата на ОРД доведе до значајни подобрувања во високото образование, особено во однос на правата на немнозинските заедници, постојат многу предизвици. На долг рок, потребни се дополнителни напори за да се постигнат вистинска интеграција и размена меѓу различните етнички заедници, а образовните институции треба да работат на подобрување на соработката и на создавање механизми што ќе ја поттикнат интеграцијата и ќе го унапредат интеркултурниот дијалог.

# 5.ЗАКЛУЧОК

Во рамките на ова магистерско истражување, се разгледа влијанието на имплементацијата на ОРД врз високото образование и интеркултурниот дијалог во РСМ. Користејќи теоретски преглед, анализиравме како ОРД влијае врз развојот на високото образование, застапеноста на немнозинските заедници во образовниот систем и промовирањето на интеркултурниот дијалог.

Во теоретскиот дел на оваа магистерска работа беше нагласено дека ОРД значително придонесе за создавање правен и институционален систем за вклучување на немнозинските заедници во образовниот систем. Беа понудени можности за стекнување образование на мајчин јазик, што доведе до поголема инклузивност во високото образование. Овој процес на инклузија, иако започнат, сѐ уште не е целосно развиен, а истовремено, потребата од зголемена институционална поддршка и ефикасност е јасно изразена во резултатите од интервјуата спроведени во рамките на истражувањето.

На базата на интервјуата со професори и други вклучени во процесот на високо образование, се потврди дека ОРД имал позитивно влијание врз воведувањето на двојазичен и тројазичниот образовен систем и формирањето универзитети на албански јазик, како и врз поголемото присуство на студенти од немнозинските заедници на универзитетите. Но, исто така, се истакнуваат и одредени проблеми што се појавуваат при примената на овие законски и образовни промени, како што се недостигот на адекватна институционална координација и проблеми со програмите за интеркултурно образование и соработка.

Иако постигнувањата во зголемувањето на застапеноста на студентите од немнозинските заедници во високото образование се значајни, резултатите од истражувањето укажуваат на тоа дека реализацијата на ОРД сѐ уште не е целосно завршена. За да се постигнат целосна интеграција и вистински интеркултурен дијалог, потребно е да се реализираат дополнителни реформи и да се создадат услови за поголема соработка меѓу различните етнички заедници. Потребно е, исто така, да се обезбедат повеќе ресурси и да се подобри институционалната рамка што ќе овозможи полесно спроведување на ОРД во високото образование.

Препораките изнесени во интервјуата посочуваат дека еден од најголемите предизвици е зајакнувањето на институционалните капацитети за организација на заеднички активности, предавања и истражувачки проекти, кои ќе ги поттикнат студентите од различни етнички заедници да соработуваат и да разменуваат идеи. Исто така, важна е и потребата од воведување нови образовни методологии што ќе ги вклучат и интеркултурните аспекти во наставната програма, како и поддршка на студентите во нивното активно учество во меѓуетнички дијалози и размена на културни вредности.

Заклучно, иако ОРД има значителен позитивен ефект врз високото образование и поттикнува напори за развој на интеркултурен дијалог, процесот на интеграција на немнозинските заедници во образовниот систем и развојот на вистински интеркултурни компетенции сѐ уште е на пат. Успехот на имплементацијата на ОРД зависи од натамошната посветеност на државните и на образовните институции, односно од нивната способност да обезбедат конкретни ресурси, едукација и институционална поддршка што ќе овозможи инклузивно и еднакво образование за сите етнички заедници во РСМ.

Натамошните студии и активности на ова поле треба да се фокусираат на создавање ефикасни стратегии за унапредување на меѓуетничката комуникација и соработка, како и на вреднување на културните различности како фактор за иновации и зајакнување на социјалната кохезија. Само со овие напори, РСМ ќе може да го постигне својот целосен потенцијал за образовен и социјален напредок, во кој ќе се поттикнува вистински инклузивен и конструктивен интеркултурен дијалог.

## Литература


- Akademik.mk (n.d.). https://akademik.mk/chetirinaeset-godini-ohridski-ramkoven-dogovor-3/
- Banks, J. A. (2004). Multicultural education: Issues and perspectives (5th ed.). John Wiley & Sons.
- Bennett, M. J. (1998). Basic concepts of intercultural communication: Selected readings. Intercultural Press.
- Burton, J. (1990). Conflict: Resolution and prevention. St. Martin's Press.
- Buber, M. (1970). I and thou. Charles Scribner's Sons.
- Birtanica (n.d.). https://www.britannica.com/place/North-Macedonia
- Council of Europe. (2008). White paper on intercultural dialogue: "Living together as equals in dignity". Council of Europe Publishing.
- CHRCR. (n.d.). Разбирање на сегашната историја. Центар за хуманитарни, расни и културни права. https://chrcr.org.mk/web/wp-content/uploads/2019/06/razbiranje-na-segashnata-istorija.pdf.
- DW. (2014, August 13). Ohridski dogovor: Dobar dokument, losha realizacija. DW. https://www.dw.com/mk
- Georgieva, L; Trajanovski, N; Wolffe, J. Commemorating the Good Friday Agreement (1998) and the Ohrid Framework Agreement (2001).
- Georgieva, L; Velkovski, Z; Damovska, The Role Of Higher Education In Fostering Inter-Cultural Dialogue And Understanding In A Multiethnic Society- The Case Of The Republic Of Macedonia (2014), http://www.ijern.com/journal/2014/December-2014/12.pdf
- Grizold, A; Mitrevska, M; Wanis, A; (2012) Conflict Prevention and Conflict Management in the New Security Context: The Case of the Former Yugoslav Republic of Macedonia.
- International Crisis Group. (2001, April 5). The Macedonian question: Reform or rebellion (Balkans Report No. 109). https://www.crisisgroup.org/europe-central-asia/balkans/macedonia/macedonian-question-reform-or-rebellion
- Kriesberg, L. (2003). Constructive conflicts: From escalation to resolution (2nd ed.). Rowman & Littlefield.
- NATO. (n.d.). NATO's role in Macedonia. https://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_52121.htm.
- Paintin, K. (2009). States of conflict: A case study on conflict prevention in Macedonia. Institute for Public Policy Research. https://www.iai.it/sites/default/files/iai9708.pdf
- Peace Accords Matrix. (n.d.). Ohrid Agreement. https://peaceaccords.nd.edu/accord/ohrid-agreement

- Ramsbotham, O., Woodhouse, T., & Miall, H. (2016). Contemporary conflict resolution: The prevention, management and transformation of deadly conflicts. Polity Press.
- Reka, A. (2008). The Ohrid Agreement: The travails of inter-ethnic relations in Macedonia. Human Rights Review, 9(1), 55-69. https://doi.org/10.1007/s12142-007-0029-z
- Richmond, O. P. (2011). A post-liberal peace. Routledge.
- RefugeeLaw.mk. (2020, август 12). Косовската бегалска криза. RefugeeLaw.mk. https://refugeelaw.mk/mk/2020/08/12/kosovska-begalska-kriza/
- Todor Atanasovski. (2002). Čekorenje Po Krizata.
- Truthmeter. (2014, август 25). Третманот на Охридскиот рамковен договор во медиумите. Truthmeter. https://vistinomer.mk/tretmanot-na-ohridskiot-ramkoven-dogovor-vo-mediumite-3/
- Vujacic, I., Djordjevic, S., Kovacevic, M., &Sunderic, I. (2013). Overview of higher education and research systems in the Western Balkans, Macedonia. © Ilija Vujacic, Snezana Djordjevic, Maja Kovacevic, Ivana Sunderic.
- UNESCO. (2006). Guidelines on Intercultural Education. UNESCO.
- United Nations. (2001). *Security Council resolution 1345 (2001)*. https://undocs.org/S/RES/1345(2001)
- Агенција за остварување на правата на заедниците. (2021). Реформи во управувањето во високото образование во Македонија: Пост-Охридски развој. *ACRR Annual Report*.
- Бојаровски, З. (2023, август 13). Дваесет и две години Охридски рамковен договор. Рацин.мк. https://racin.mk/makedonija/dvaeset-i-dve-godini-ohridski-ramkoven-dogovor/
- Близнаковски, Ј. (2015). Реформи во високото образование во Македонија: Прогрес и предизвици по Охридскиот рамковен договор. Journal of Ethnic Studies, 28(3).

- Ванковска, Б. Бермудскиот Триаголник На Македонската Државност: Охридски, Преспански И Бугарски Договор, Филозофски Факултет, Годишен зборник, 2019.
- Галева, Ј. (2001). Мултикултурализмот и влијанието врз развојот (со осврт на македонското општество) [Review scientific article]. Прегледна научна статија, 1.02, стр. 982. UDK: 316.483:316.723-021.463(497.7).
- Димитров, С. (2018). Меѓуетнички односи во македонските универзитети: Емпириска студија. Journal of Balkan Sociology, 19(4).
- Десет години од Охридскиот рамковен договор: Дали Македонија функционира како мултиетничка држава? (n.d.). https://www.seeu.edu.mk/files/research/projects/OFA_MK_Final.pdf, стр. 222.
- Европска комисија. (2023). Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2023 година. Европска комисија. Преземено од https://www.sobranie.mk/content/ЕУ/Izveshtaj%20EK%202023.pdf
- Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 (10.10.2013).
- Извештај за напредокот на Република Македонија за 2013 година (17.10.2013).
- Извештај за напредокот на Република Македонија за 2014 година.
- Извештај за напредокот на Република Македонија за 2015 година.

- Извештај за Република Македонија за 2018 година.
- Извештај за Република Македонија за 2019 година.
- Извештај за Северна Македонија за 2022 година.
- Југоисточен Европски универзитет. (н.д.). Охридскиот рамковен договор: Предизвици и перспективи [PDF]. https://www.seeu.edu.mk/files/research/projects/OFA_EN_Final.pdf
- Марковска, Л. (2016). Реформи на наставните програми по Охридскиот рамковен договор: Промоција на интеркултурното разбирање. Macedonian Education Journal, 11(2).
- Министерство за локална самоуправа. (n.d.). Охридски рамковен договор. Министерство за локална самоуправа. https://mls.gov.mk/images/laws/Ramkoven_dogovor.pdf
- Министерство за образование и наука на Македонија. (2019). Обучување на наставници и мултикултурно образование. Official Government Report.
- Нова Македонија. (2021, октомври 30). Хаг го стега обрачот околу ОВК и ОНА. Нова Македонија.
- Национален фонд за стипендии. (2020). Стипендијални програми за студенти од малцинските заедници во Македонија: Преглед. Education Equity Report.
- Поделба на власта и спроведување на Охридскиот рамковен договор, Издавач: Фондација Фридрих Еберт Канцеларија Скопје, Скопје 2008.
- Ристовски и други, Ф. (1982 г.) Слободата беше нивниот идеал Кичево: Музеј на Западна Македонија во НОВ – Кичево стр. 21.
- Реџепи, З. (н.д.). Усвојување на Уставот на Република Македонија. М-р ЗЕЌИРЈА РЕЏЕПИ. http://zeqirja-rexhepi.blogspot.com/2008/01/blog-post_582.html
- Собрание на Република Северна Македонија. (2024, ноември 4). Втор извештај на Европската комисија [PDF]. https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/Vtor_izvestaj_na_Evropskata_Komisija%2026.03.03.PDF
- Собрание на Република Северна Македонија. (2006). Извештај за напредок на Република Македонија [PDF]. www.sobranie.mk/WBStorage/Files/Izvestaj%20za%20napredok%20na%20%20RM%202006.PDF
- Собрание на Република Македонија. (2003, март 26). Втор извештај на Европската комисија. Собрание на Република Македонија. Преземено од https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/Vtor_izvestaj_na_Evropskata_Komisija%2026.03.03.PDF
- Собрание на Република Македонија. (2007). Прогрес извештај за Република Македонија. Собрание на Република Македонија. Преземено од https://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/progress_report_mk%202007%2006.11.2007.pdf
- Сулејмани, Ф. (2017). Јазична политика и високо образование: Случајот на Државниот универзитет во Тетово. Balkan Studies Review, 22(1).

- Службен весник на Република Македонија, бр. 6/2019, преземено од https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/odluka_za_proglasuvanje_novi_amandmani.pdf

## Прашања за интервју

1. Како ја оценувате имплементацијата на Охридскиот рамковен договор во контекст на високото образование во Република Северна Македонија? Дали забележувате значајни промени?
2. Според Ваше искуство, како одредбите од ОРД влијаат врз застапеноста на заедниците што не се мнозинство на населението во РСМ во високото образование?
3. Какви промени забележувате во образовните политики по имплементацијата на ОРД, особено во однос на интеркултурниот дијалог?
4. Дали сметате дека мерките за промоција на интеркултурниот дијалог во Вашата образовна институција се ефикасни? Зошто да/не?
5. Според Вас, дали постојат доволно институционални механизми што ги поддржуваат мерките на ОРД во високото образование?
6. Според Ваше мислење, кои аспекти од образовната политика најмногу придонесуваат за зајакнување на интеркултурниот дијалог во високото образование?
7. Дали ОРД влијаеше образовните институции да создадат поголема можност за соработка и разбирање меѓу студентите од различни етнички заедници?
8. Како го оценувате квалитетот на законите и на политиките што произлегуваат од ОРД во контекст на високото образование?
9. Дали сметате дека политиките и мерките на ОРД ги подобрија комуникацијата и разбирањето меѓу професорите и студентите со различни културни заднини?
10. Според Вас, кои се најголемите предизвици со кои се соочува имплементацијата на ОРД во високото образование, особено во однос на постигнувањето вистински интеркултурен дијалог?